**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Второто продолжение на Сто и дваесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 19 јануари 2006 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 13,01 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Слободан Најдовски, потпретседател на Собранието на Република Македонија.

**Слободан Најдовски:** Продолжуваме со работа по 120-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Иван Анастасовски, Славица Станковска, Есад Рахиќ, Ванчо Ѓорѓиев, Игор Ивановски, Ангелка Пеева Лауренчиќ, Али Ахмети, Фазли Велиу, Абдилаќим Адеми, Теута Арифи, Абдулади Вејсели, Петар Апостолов, Љубчо Георгиевски, Љупчо Балковски, Љубе Бошковски, Никола Груевски, Петар Наумовски, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Продолжуваме по 14-тата точка Предлог за донесување на изборниот законик.

Продолжуваме со претрес.

Има збор пратеникот Борис Кондарко.

**Борис Кондарко:** Благодарам почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници,

Ова е прва фаза од донесувањето на новиот изборен законик кој, според сите политички партии во Република Македонија согласни сме, ќе биде еден од клучните критериуми во изборниот процес за обезбедување на фер и демократски, коректни избори.

Намерата, не се сомневам дека ни е на сите иста и заедничка, преку донесувањето на овој нов изборен законик сите политички партии да создадеме еден подобар амбиент за фер и демократски избори за да потоа заеднички и демократски го прифатиме изборниот резултат каков и да е за да уште од сега и навреме ги отстраниме сите евентуални сомнежи што некои политичари и политички партии ги пројавуваат однапред на исходот од изборите за да создадеме една атмосфера каде изборната кампања нема да ја водиме со дневна политика и препукување во тоа дали е фалсификат или не е, едноставно да го подигнеме нивото на политичко однесување и да и овозможиме, што е најважно, на Република Македонија, без оглед на тоа кој ќе биде на власт и каков ќе биде изборниот резултат да оди напред, да ги исполнува условите на Европската унија, а знаеме дека после добивањето на позитивниот одговор, а во пресрет на добивањето на датумот за отпочнување на преговори за полноправно членство во Европската унија е несомнено најважниот тест на Република Македонија и предизвик од кој ни зависи заедничката иднина и заедничкиот проспреритет.

Ова беше како еден кус вовед.

Ова е листата на ВМРО-ДПМНЕ што ја достави со нивни предлози, со нивни барања за подобрување на текстот кој се наоѓа во собраниска фаза на изборниот законик, тоа е во ред, тоа е сосема легитимно кога политичките партии од опозицијата, од власта ќе седнат и заеднички ќе се договараат, ќе се усогласуваат меѓу себе, нормално, сето тоа треба да биде верифукувано во Парламентот, јавноста да знае дека постои отворен дијалог на власта со сите политички партии и парламентарни, со опозиционите партии и сето тоа е во ред.

Меѓутоа, зачудува една работа. Зачудува зачуденоста на најголемата опозициона партија ВМРО-ДПМНЕ, барем така себе си се нарекува, ќе го потврди или не тоа на наредните избори ќе ни покажат која е навистина најголема опозициона партија. Значи, зачудува нивната зачуденост од конструктивноста на власта затоа што од овие нивни 12 барања само две, условно речено, не се прифатени, односно за едното од нив мислам дека е дадено само колку да се одбие однапред со пресметан ризик од нивна страна, тоа е за промена на изборниот модел од пропорционален во мнозински.

Второто за кое сеуште не ги затвораме разговорите се составот на избирачките одбори за што СДСМ говори и се залага дека во нивниот состав треба да влезе државната и јавната администрација и на тој начин тие да се департизираат, што е главниот услов и препорака на меѓународната заедница на ОБСЕ и ОДИХР која сакаме доследно да ја почитуваме за да после не испадне, да ги отстраниме сите можности за евентуален сомнеж дека некој преку нешто сака да направи нерегуларни избори.

Значи, почнувајќи од претседателот на ДИК, составот на Државната изборна комисија и регионалните изборни комисии, општинските изборни комисии, каде ВМРО-ДПМНЕ бараше да останат судиите и тие да се бираат со ждрепка, тоа е прифатливо.

Избирачкиот список прифатливо е исто така да се направи посебен избирачки список на кој ќе бидат лицата кои подолго од една година не живеат во Република Македонија значи да има една поголема прегледност и контрола за да избегне секоја, не манипулација, туку сомнеж кој ќе иницира манипулација и тоа е прифатливо.

Понатаму, изборната кампања периодот да се намали од 30 на 20 дена, да се стави посебен печат на гласачкото ливче од посебно лице од избирачкиот одбор откако ќе се изврши гласањето и тоа е прифатливо.

За одлучувањето по жалби пред Врховниот суд да се зголеми рокот од 48 на 72 часа и тоа е прифатливо. ВМРО-ДПМНЕ бараше да се зголемат казните во Кривичниот законик за прекршителите на изборниот процес. Апсолутно,

не само што е прифатливо, туку и СДСМ инсистира истовремено на тоа.

Понатаму, контролното пребројување или рикаунтингот така наречен, се разбира дека е тоа е прифатливо и тоа ќе влијае да се растерети атмосферата дека некој однапред нешто заговара, како што е познатата тактика и познатите фрази кои веќе неколку изборни циклуси ги слушаме од ВМРО-ДПМНЕ, создавање на алиби со тоа што останува за ова контролно пребројување да се нормираат дополнително и верувам дека тоа ќе биде до втората фаза изработено кои се условите, под кои критериуми кој може да бара, во која постапка, како тоа ќе се извршува, во кои рокови итн, за тоа, се разбира, ќе постигнеме согласност, бидејќи кој мисли чисто и искрено чесно да влезе во изборниот процес, нема што да му пречи ни контролно дополнително пребројување, меѓутоа, треба да внимаваме тоа да не се злоупотреби, па обратно дека при тоа се прават некои манипулации. Треба да внимаваме на се затоа што политичарите во одредени моменти сакајќи да си обезбедат алиби, може и за она што самите го предлагаат после тоа да го оспоруваат, што не е непознато кај ВМРО-ДПМНЕ.

Исто така, прифатливо е да се прошири одлучувањето од изборните органи односно Врховниот суд да не бидат само забелешките во записниците формален услов за да може да се постапува односно да можат изборните органи и по своја проценка да обезбедуваат соодветни докази и мериторно да постапуваат и да одлучуваат.

Од сите овие работи кои ги набројав, како што реков на почетокот, верувам и претпоставувам дека свесно ВМРО-ДПМНЕ отиде со барањето за промена на изборниот модел од пропорционален во мнозински. Тоа Жарко Караџоски вчера убаво им го објасни, нема потреба да го дебатираме повторно, во 2002 година им чинеше пропорционалниот модел, сега не им чини. Значи, не е проблемот во Република Македонија желбите или политичките потреби нечии. Во 2002 година кога го носевме изборното законодавство седнавме на заедничка маса и во Парламентот го изгласавме со огромен степен на консензус и тогашната опозиција и тогашната власт. Тоа е добар предуслов и вовед за фер и демократски избори. Такви беа изборите. Посакуваме и овој пат да биде така.

Од она што можевме да го видиме во јавноста и од средбите помеѓу политичките партии произлегува дека претпоставувам дека тоа ќе биде исходот на парламентарната расправа, драго ми е да грешам, дека ВМРО-ДПМНЕ единствено можеби повторно ќе биде изолиран и повторно ќе биде против, како и за многу други работи, претпоставувам повеќе од суета или од инает, не е битно, тоа е нивен проблем, меѓутоа, тоа не е добро за предизборната атмосфера во Република Македонија, бидејќи сите сакаме да ги избегнеме можностите за евентуално фрлање на било каков сомнеж на изборниот процес.

Претпоставувам дека и ВМРО Народна партија и Либералната партија и Социјалистичката партија и останатите опозициони партии апсолутно од она што го видовме не охрабрува дека апсолутно има простор за дијалог, за соработка, за заедничко усогласување на решенијата кои треба да се најдат во новиот изборен закон, меѓутоа, тука морам да повторам, на мое големо жалење повторно единствено останува осамен ВМРО-ДПМНЕ кој е исклучителен, дури морам да кажам изненаден од конструктивноста на владеачките партии кои ги прифатија нивните барања и нивните забелешки.

Меѓутоа, лошо ако критериумот и желбата или фрустрацијата или паранојата, да не претерам, затоа што постојано ВМРО-ДПМНЕ употребува такви зборови уште од сега за државен фалсификат, јас не знам, ако е некој толку сигурен кој се прогласува уште од сега за премиер, ако е толку сигурен во својата победа и во својата силина зошто му треба алиби тактика од една страна да вели дека е победник на изборите, а од друга страна уште од сега да најавува државен фалсификат. Претпоставувам дека и самиот не знае што значат тие зборови државен фалсификат дека е тоа некој заговор на целата држава, на сите политички партии, на сите институции единствено против ВМРО-ДПМНЕ. Мислам дека е бесмислено и пред јавноста ова треба да се разобличи и оваа тактика да се осуети на време.

Значи, не може во ситуација кога имаме висок степен и речиси целосен консензус ќе дојдам до тоа освен составот на избирачките одбори, да желбата или реперот, значи барањата на ВМРО-ДПМНЕ да бидат репер за тоа дали изборите ќе бидат демократски или не. Апсолутно не може ВМРО-ДПМНЕ на тој начин да го загрозува и да го ограничува правото на избор на граѓаните. На секои избори па и на овие не треба да правиме баук од нешто, граѓаните одлучуваат кој ќе победи, не одлучува суетата на некој лидер на политичка партија или некоја политичка партија затоа што решила да тера алиби тактика уште од сега за наводни фалсификати и заговори. Значи се доведуваме во ситуација од сето ова изнесено кога ВМРО-ДПМНЕ која претендира да биде најголема опозициона партија, едноставно не е спремна за соработка, за усогласување, за компромис па и за отстапка. Велам за отстапка затоа што очигледно е, и она што се самите изненадени од целата оваа листа им се прифатени преку 90, 95% од нивните желби, предлози и барања. Сето тоа е во ред. Ние сакаме да прифатиме, да ги избиеме сите адути дека утре некој ќе полимизира со тоа дали изборите биле регуларни или не.

Значи, ако веќе толку сме прифатиле преостанува уште да прифатиме и ова за избирачките одбори како што сака ВМРО-ДПМНЕ, да им го решаваме проблемот. Меѓутоа да го поставам малку поинаку

прашањето. Да ги поставиме поинаку работите. Ако еве хипотетички се прифати тоа јас ќе кажам зошто не е прифатливо единствено тоа за составот на избирачките одбори, тогаш што привиме понатаму. Чија ќе биде одговорноста. Тука се поставува прашањето на одговорноста, легитимно, политичката одговорност пред се, затоа што во нивната предкампања ВМРО-ДПМНЕ упорно говори дека власта замислете одговорна буквално за се. Ја оцрнува однапред дека ќе ги фалсификува изборите. Па, во услови кога првото и најважно барање за претседател на Државната изборна комисија е прифатливо да го предлага токму ВМРО-ДПМНЕ како опозициона партија, тогаш кажете ми дали држи тезата целосната одговорност да се префрла на владеачките партии, на Владата, на СДСМ, а токму ВМРО-ДПМНЕ да ја предлага и да ја избира најзначајната, најодговорната, највлијателната функција во изборниот процес, тоа е претседателот на Државната изборна комисија. Каков парадокс, ви се молам. Тоа е осуетување на алиби тактиката на ВМРО-ДПМНЕ. Затоа тие беа многу изненадени и запрепастени како ние можеме да им прифатиме тие да го предлагаат претседателот на ДИК. Еве прифативме. Еве, се е прифатено господа од ВМРО-ДПМНЕ дали имате на овој список, еве со црвено се обележани вашите барања кои се прифатени, пред да ја завршиме расправата, дали имате уште нешто да кажете, уште нешто да го надополниме овој список на желби и целосно да ја преземете одговорноста какви ќе бидат изборите. Дали сте подготвени на тоа, ако сте опозиција. Не можете упорно да ја манипулирате јавноста, да ја замајувате, да ги замајувате граѓаните и упорно да бегате од одговорноста на тој начин што единствено ќе ја префрлите на власта. Да, точно е, власта има најголем дел од одговорност при создавањето на нормативните претпоставки, институционалните претпоставки, меѓутоа, само до почеток на изборната кампања.

Ова да ви биде јасно откако ќе започне изборната кампања, бидејќи ваш ќе биде претседателот на Државната изборна комисија уште од сега да помислите кои ќе ви бидат фразите, кои ќе ви бидат изговорите и дали воопшто ќе ги употребувате зборовите од типот државен фалсификат. Дали тоа значи ако не сте задоволни од нешто во изборниот процес ќе си ја преземете одговорноста за така наречениот фалсификат да си го припишете на ваша сметка? Се разбира дека треба да појдеме од објективните работи. Јас намерно ги карикирам работите, меѓутоа, реално работите стојат поинаку. Власта единствено на денот на изборите може да влијае и да создаде услови на тој начин, на тој начин да влијае создавајќи услови и претпоставки, обезбедувајќи атмосфера во избирачките места каде реално се случуваат неправилностите и таму треба да ги сконцентрираме силите, да ги задржиме конците во избирачките одбори да биде се во ред. Тоа е огледалото дали изборите се фер и демократски, оти не дај Боже да имаме жалби како што сме имале на пример 1999 и 2000 година, кога тогашната опозиција сегашна власт СДСМ со своите приговори во законита легитимна постапка и 1999 и 2000 година поништи преку 300 избирачки места, преку 160 илјади запишани гласачи. тоа господа беше државен фалсификат. За каков фалсификат вие говорите. Секогаш говорите за фалсификат кога не ви одговара резултатот. Во ред, тоа ви личи, по тоа сте препознатливи во јавноста, само продолжете така да ја манипулирате јавноста, меѓутоа, да знаете значењето на овие избори од аспект на евроинтеграциите за Република Македонија нема тоа ви го дозволи. Јавноста ќе ве осуди за таквото однесување и мислам дека Република Македонија не заслужува такво однесување на една политичка партија, бидејќи независно од тоа, независно кој ќе победи на наредните избори, доколку такво нешто направите, а со цел да го прикажете, да ја натоварите власта да биде одговорна за тоа, од тоа ќе имаме заедничка штета, а Република Македонија доколку тоа се случи со вашата некоректна тактика, за жал, без разлика кој е на власт и сите заедно граѓани и политички партии ќе тапкаме во место подолго време. Сватете го вашиот дел од одговорноста и сватете дека покрај власта одговорни се и политичките партии, одговорни се и лидерите на политичките партии, како што кажа господинот Фуаре, одговорни се и самите кандидати учесници на изборите. Значи, не можете да се амнестирате, да правите што сакате, а на прес конференции да ја оцрнувате власта.

Работата на изборите во кампањата, во политиката е јавна и граѓаните многу добро знаат да го почувствуваат тоа, знаат што е блеф, што е манипулација, што е вистина. И овој пат мислам дека ќе ви бидат стеснети маневрите, просторот за таков вид на манипулација и ставање во заблуда на македонската јавност, посебно после, да речеме локалните избори, да ве потсетам кога вашиот кандидат кој го поддржавте за градоначалник на Скопје, не бевте свесни ни дека ќе победи, а сакавте половина час пред затворањето на избирачките места да ги повлечете вашите членови во избирачките одбори. Истиот ден ем велевте дека е фалсификат, ем славевте, ем се радувавте, ем плачевте, ем славевте. Не ви се наоѓа крај. Понатаму, ние ќе се залагаме, тоа отворено го кажуваме, ако некој има чесен и искрен пристап да воопшто не му смета улогата на Министерството за внатрешни работи токму на гласачките места. Сакаме да се прошири, да се зголемат ингеренциите на Министерството за внатрешни работи во функција на превенција и спречување на било какви обиди за неправилности, нарушување на изборниот процес. Мислам дека сите ќе се согласите дека оној што мисли чесно да оди на избори, оној што мисли чесно да работи во избирачките одбори воопшто нема основ да се плаши од полицијата. Јас знам дека можеби вие и ова ќе го извитоперите и ќе кажете дека власта сака да

посее страв, или дека власта сака, незнам полициска држава да инструира на избирачките места. Апсолутно не е точно. Апсолутно во СДСМ не сме изненадени, меѓутоа сме загрижени од вашиот резервиран став, бидејќи како што кажав вие сте единствените што најверојатно ќе останете сами и ќе бидете против и покрај прифаќањето на сите ваши сугестии  кои ќе ги вметнеме во изборниот закон, значи околу целиот овој процес постојано сте или резервирани за нешто, постојано или се сомневате во нешто, или сте скептици. Не можете господа од ВМРО ДПМНЕ додека вие сте скептици, Македонија оди напред. Бевте скептици и за референдумот, се покажа и за територијалната организација, се покажа дека тоа е начинот на кој треба да се приближиме кон Европска унија и тоа го ценат од Европска унија. Вие сакате единствено постојано да ставате сопки и да ги минирате заслугите на Владата. Јас ве разбирам и тука, тоа е легитимна политичка битка. И ние да сме опозиција и ние ќе бидеме можеби не на тој начин, не на начин на кој ќе ги загрозуваме перспективите и државните интереси на Република Македонија. Во ред е вашата политичка битка, не очекуваме дека вие треба да не поддржите, меѓутоа немојте да очекувате дека и ние нема да се спротивставиме со наши аргументи на вашиот популизам, тоа да ви биде јасно апсолутно. Значи, почитувани не политички противници, почитувани политички конкуренти, бидејќи и со овие избори имаме заедничка цел да го подобриме угледот и перспективите на Република Македонија. Затоа ви се обраќам со конкуренти. Значи, морате да го земете својот и да го понесете својот дел  од одговорноста и да дадете позитивен придонес, конструктивен придонес во овој процес кога ги носиме изборните правила. Затоа, конечно ве повикукваме да сватите дека заедничките интереси и заедничките цели не само на сите политички партии туку и на сите граѓани во Република Македонија  се активно и консруктивно да соработуваме како најголеми партии по овие клучни прашања кои се однесуваат на иднината и интересите на перспективите на Република Македонија. Значи, ова е наредна работа која е најзначајна за Република Македонија, изборниот процес за да дојдеме до коректни избори треба да направиме што подобар изборен законик. Затоа потребно е и вие од ваша страна да ги направите неопходните компромиси, усогласувања и отстапки. Илузорно е, мислам кога од 12 барања ви се прифаќаат 10. Тогаш ако вие не прифатите, или не отстапите од некое од вашите барања за што ние изнесуваме аргументи, тоа се избирачките одбори. Тогаш тука не станува збор за компромис и усогласување, тогаш станува збор единствено за суета, волја и желба на ВМРО ДПМНЕ. Тоа не е вистинскиот начин на соработка во една демократска држава. Значи, јас повторно ќе кажам, тука веќе се поставува прашањето на одговорноста. Ако се ви е прифатено, тогаш кој ќе ја сноси одговорноста? Значи, желбите на ВМРО ДПМНЕ се единствениот репер за фер и демократски избори. Повелете, еве се ви е прифатено, дали имате уште нешто да надополните на овој список за да утре не речете дека некој ги фалсификува изборите, да нема сомнежи. Сега да ги расчистиме работите и утре да не ни излегувате по прес конференции со популизам да го лажете народот. Или во спротивно доколку тоа не го прифатите и доколку немате таков конструктивен пристап, ние тоа ќе го сметаме како предвесник за создавање на нерегуларности на изборите од ваша страна кои би сакале да ги препишете на власта со цел да си обезбедите сопствено алиби. Таа алиби тактика, господо веќе не ви поминува. Едноставно доколку и се дрзнете да направите такво нешто, ќе повторам уште еднаш, сите заедно без разлика кој ќе победи на изборите, сите заедно ќе тапкаме во место заради хировите на ВМРО ДПМНЕ. Тоа македонските граѓани мислам дека ќе го препознаат и навреме ќе го идентификуваат.

Господа од ВМРО ДПМНЕ, сите видовме дека токму ВМРО ДПМНЕ не беше способна, немаше сили, значи сите видовме, македонската јавост виде дека ВМРО  ДПМНЕ немаше сила да прифати една анкета да признае, а камо ли со ова денеска што го говори да прифати и да признае изборни резултати. Тоа е многу загрижувачко. Затоа ви го поставуваме прашањето што за ВМРО ДПМНЕ се фер и демократски избори, дали се тоа можеби избори на кои единствено ќе победи само Никола Груевски. Тоа е страшно. ВМРО ДПМНЕ уште од сега треба да си расчисти со тие работи. За нас не е загрижувачко, не е толку значајно што вие наводно не сте верувале во анкети, па дури не е ни загрижувачко што обвинувате други за фалсификувани анкети. За нас е многу загрижувачко тоа што всушност со таквите постапки ВМРО ДПМНЕ ја покажува својата вистинска политичка намера, или политичка заднина. Тоа е преку свесно создавање на лажна атмосвера за фалсификат всушност да влијае доколку не им одговара исходот од изборите, да не ги признае изборните резултати. И, тоа е господа, страв од пораз. Вие сте противречни самите на себе. Од една страна вашиот лидер е толку многу самоуверен и самобендисан, се прогласи за премиер, а кој  ќе победи одлучуваат граѓаните,  ниту СДСМ, ниту ВМРО ДПМНЕ. Од друга страна постојано се плаши од некаков државен фалсификат. Што е тоа државен фалсификат, дали е тоа страв од пораз можеби на Никола Груевски? Понатаму, нормално е и легитимно е секоја политичка партија се бори за власт. Така и опозицијата и тука нема што да се полемизира. Меѓутоа, недозволиво е и крајно загрижувачко тоа што со таквата подмолна кампања, велам подмолна на ВМРО ДПМНЕ, го одземаат правото на избор на граѓаните, тоа што го кажав, не сте вие критериум да наметнете атмосфера ако изгубите дека имало државен заговор против ВРМО ДПМНЕ. Па вие сте постојано жртва. Изгубивте, нормално јас го сфаќам и Никола Груевски. Три избори изгуби за три години и референдумот и локалните избори и

претседателските избори. Исто така, сакам да се вратам на она отворено прашање за што кажавме дека ќе бидеме цврсти во нашиот став околу изборните органи за вклучување на јавната, односно државната администрација во избирачките одбори. Денеска од некои од медиумите добив прашање, некој граѓанин кој се претставил со име и со презиме, мислам дека беше од Гевгелија, доставил дека некои граѓани членови на избирачки одбори биле партиски членови на СДСМ и на ВРМО ДПМНЕ. Што е поентата? Апсолутно е дозволено, апсолутно е легитимно, или како сакате тоа е едно од основните човекови демократски придобвки, човекови слободи и права, правото на слободно политичко организирање, правото на слободно дејствување, членство во политички партии. Па не е забрането некој од државната администрација или од јавната администрација, некој здравствен работник, некој професор да биде член на политичка партија. Во крајна линија и да не се членови на партија, сите тие наши граѓани без разлика за кого навиваат сите се тие гласачи на изборите. Вие не можете со тоа што сте против јавната и државната администрација да партиципира во избирачките одбори, не можете да им лепите етикети на тие граѓани. Јалови ви се и небулозни обвинувањата и аргументите наводни дека СДСМ ја партизирала администрацијата и за тоа не треба како аргумент администрацијата да учествува во изборниот процес во избирачките одбори. Па смешно е тоа, господа. Не сакам сега како мали деца да си покажуваме со прст помеѓу себе и сите да не третираат дека еве постојано се обвинуваат едни со други. Мораме од тој маѓепсан круг да излеземе и малку нивото на политички дијалог, на политичка дебата и на политичка борба, да го подигнеме и овде во Парламентот и на прес конференциите. На што личи сега јас ако кажам дека до 2002 година ВМРО ДПМНЕ ја партизираше јавната администрација. Оставете ги луѓето од јавната администрација. Не можете така лесно да им лепите политички етикети и партиски етикети на 100 илјади луѓе во Република Македонија. Не можете тоа едноставно да го правите, немате никакво право на тоа. Секој може да гласа како што сака и да е член и да не е член на политичка партија, на крајот на краиштата утре тој ќе дојде на гласачко место и ќе го заокружи ливчето, можеби на едни избори на една партија, на други избори за друга партија. И која ви е тезата и кој ви е аргументот дека наводно била партизирана администрацијата и заради тоа ќе сме ги партизирале избирачките одбори. Па по дефиниција, по секоја логика не може избирачки одбор да биде по партизиран од она што вие го предлагате, да предложите директно членови од партиите, тие се партиски војници. Тоа е клучната препорака на ОБСЕ и на ОДИХР и можеби сме ние единствената земја во регионот каде што сеуште имаме партиски членови директно тие партиски членови ќе ја слушаат партијата, партиската централа. А, вака кога ќе бидат луѓе од администрацијата, кога ќе бидат соочени со неизвесноста пред се кој ќе победи на изборите, прво од интересот да си го зачуваат својот углед и во средината и на работното место да се заштитат од санкции кои заеднички се согласивме дека ќе ги заостриме, тогаш нивниот интерес ќе биде апсолутно да работат строго по словото на законот и така не пристрасно ќе ни овозможат на избирачките места да имаме коректни и чисти избори. Не држи едноставно, мислам противречно е, јас не знам како излегувате со кое образложение во јавноста дека ќе се партизирале избирачките одбори со јавната администрација. Па, по дефиниција па макар и формално не можат тие да бидат попартизирани од партиските војници што политичките партии ги делегираат избирачките одбори.

**Слободан Најдовски:** Три минути реплика пратеникот Илија Китаноски.

**Илија Китаноски:** Јас навистина морам да изразам едно задоволство и навистина сум импресиониран од важноста што пратениците на СДСМ ни ја придаваат и наместо да се обраќаат на јавноста, или на Парламентот, директно се обраќаат на ВМРО ДПМНЕ. Вчера колегата Макрадули две третини од времето, а овој пат господинот Кондарко 99% од времето го потроши на обраќање на ВРМО ДПМНЕ. И, навистина немам друг коментар освен од она што и вчера го кажав, значи импресиониран сум од опседнатоста на СДСМ од ВМРО ДПМНЕ и тоа само по себе кажува за тоа кому му придаваат важност и кого го сметаат навистина за најголема опозициона партија. Тоа заради другите образложенија во репликата што сакам да ви кажам. Значи, најголемата опозициона партија е ВМРО ДПМНЕ, затоа и толку време трошите на секое обраќање тоа е факт, иако кажувате по ваше барање, по ваше мислење итн. И не можете без најголемата опозициона партија да го донесете изборното законодавство и да тврдите дека е во ред и дека гарантира фер и демократски избори. Тоа не е така. Едноставно без најголемата опозициона партија се што ќе донесете во овој Парламент нема да го даде оној резултат кој што го бара и ОБСЕ и Европска унија и целата меѓународна заедница. И вие тоа многу добро го знаете и за тоа толку енергија, време и нерви веројатно трошите на обраќањето на нас. Не се обраќајте на нас, обраќајте се на јавноста, на Парламентот.

Втора работа, дека ако се прифатат забелешките на опозицијата или на ВРМО ДПМНЕ, тогаш одговорноста демек преоѓала на опозицијата. Каде го има тоа? Тоа е само изборно законодавство. И во досегашното изборно законодавство имаше одлични одредби кои што не се почитуваа, а за почитување и не почитување и за создавање на таква атмосфера единствено одговорна е власта, која и да е, дали е СДСМ дали е ВРМО ДПМНЕ дали некој трет, не е битно. И не се случило до сега ниту во Македонија, ниту во било која друга демократска држава опозицијата да фалсификкува избори. Тоа

може да го направи само власта. И немојте да си играме играчки и да се лажеме овде и да ја лажеме јавноста. Мислам ние не можеме да ја лажеме, затоа што знае. Единствена нерегуларност и фалсификат на избори може да направи власта. Кога направила фалсификат опозицијата и во која држава тоа го направила, ајде кажете ми еден пример. Значи ако ги прифатите забелешките на опозицијата само се подобрува климата за добри избори, меѓутоа одговорноста за спроведувањето на тие избори пак е на власта, затоа што таа ги има сите државни институции ги контролира што е и нормално бидејќи е влада, извршна власт. Алиби не бараме апсолутно, затоа што ќе победиме на изборите. Алиби нека бараат тие што ќе загубат или помалку, или повеќе. Така што нема потреба од барање алиби, апсолутно не ни треба алиби.

И, најважната работа не е прифатена. Тоа е главната забелешка на ВМРО ДПМНЕ. Може да имате и 12 и 15, ние бевме конструктивни, експерти, максимално беа вклучени во нашите забелешки и затоа толку многу забелешки дадовме. Меѓуто, најбитната работа, изборите се одигруваат во избирачките одбори.

**Слободан Најдовски:** Имавте повеќе од три минути господине Китаноски.

Една минута контрареплика пратеникот Борис Кондарко.

**Борис Кондарко:** Господине Китаноски вие во вашата реплика најмногу изразувавте импресии и незадоволство, емоции. Значи тоа се лични категории и немам потреба да полемизирам со вас за тоа. Ако толку многу ви значи да ве нарекуваме најголема опозициона партија, нема проблем, јас секогаш тоа ќе го кажувам.

**Слободан Најдовски:** Три минути реплика за господинот Блаже Стојаноски.

**Блаже Стојаноски:** Овде ниту СДСМ ниту ДПМНЕ нема концепт за долгорочна примена и за локални и за претседателски и за парламентарни избори. Не може да се зборува за концепт на изборни правила кога од една страна се прифаќа тенденција за професионализција на изборни органи, а од друга страна се даваат понуди за тоа кој кого би предложил за претсдател на Државната изборна комисија или кој треба да предлага членови на Државната изборна комисија или некои други пазарења. ДПМНЕ понудило 12 решенија, СДСМ прифатил 9. Зарем ова не е чист Пазар. Зарем е важно кој што прифатил или кој од што отстапил, кога крајниот резултат нема да бидат изборни правила кои ќе можат долгорочно, континуирано и квалитетно да бидат применети и да доведат до отстранување на сите нејаснотии или различни толкувања на законот. Затоа сметам дека господинот Кондарко тука треба да каже и да признае дека ниту СДСМ нема концепт, исто како што вели дека и ДПМНЕ нема концепт за фер избори, за што јас се согласувам со него. Се работи само за декларирана желба за фер избори. Промените не се потребни само во законот, госопдине Кондарко, туку пред се промени се потребни во однесувањето на партиите на самите избори, особено што и СДСМ и ДПМНЕ влегуваат во изборите со единствено мото - да се победи по секоја цена. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Една минута контра реплика господинот Кондарко.

**Борис Кондарко:** Господине Стојаноски ако на ВМРО-ДПМНЕ од 12 сме прифатиле 9 или 10, тогаш на ВМРО-Народна и ги прифативме сите. Сега што е тоа? Тоа по вас е пазар? Не. Тоа е легитимен начин на сорботка помеѓу политичките партии, создавање на атмосфера и услови за доверба и фер избори. Така доликува на секоја демократска држава. Така партиите треба да соработуваат за клучните интереси на државата.

Втората работа, немојте преку грбот на СДСМ да се препукувате ВМРО-Народна и ВМРО-ДПМНЕ. Ние немаме ништо со тоа.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Три минути реплика за пратеникот Ристана Лалчевска.

**Ристана Лалчевска:** Би сакала да расчистиме една дилема со господинот Кондарко, околу избирачките одбори.

Се издерефенцираа два концепти. Според едниот концепт државната администрација би требало да е таа која ќе учествува во изборните органи. Другиот концепт е, политички претставници во избирачките одбори. Тоа се два концепти околу кои ние треба да се договориме.

Ништо не е ново, ние имавме избирачки одбори во кои учествуваше државната администрација. Еве да ги спомнам изборите во 1994 година кои навистина беа многу лошо оценети и можеби една од причините да се бара ново решение. Новото решение беше политички претставници во избирачките одбори и дојдовме до 2002 година каде навистина изборите беа високо оценети. Значи во примена оделе двата концепти и се покажало дека ова што сега сакаме да го вратиме како решение односно државната администрација да учествува во избирачките одбори, веќе било применувано и покажало свои слабости. Политичките претставници во избирачките одбори не го политизираат процесот бидејќи изборите се најполитичкиот процес во државата и нема што тука да се политизира. Тие се оние кои во еден паритетен однос се грижат за праведно и фер спроведување на изборите. Од друга страна притисокот кој се врши на државната администрација сигнализира дека неа треба да ја оставиме, барем во ова време, да ја оставиме на страна од изборите, да можеме да постигнеме она што е заложба за државата, а заложбата е департизација на државната администрација и независно судство. Значи за да можеме овие два елементи да ги постигнеме, господине Кондарко, сепак треба да размислиме за овој предлог на опозицијата. Според вас опозицијата изгледа треба да молчи за изборите да бидат фер. Не може тоа така. Изборите се процес во кои учествуваат сите и опозицијата има право да си

каже се и да се договориме, ако се договориме. Вие изгледа сакате опозицијата да молчи за, според вашата концепција, изборите да бидат фер. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Една минута контра реплика господинот Кондарко.

**Борис Кондарко:** Госпоѓо Лалчевска никој не рече опозицијата да молчи. Немојте да импутирате зборови. Според опозицијата испаѓа дека СДСМ воопшто како партија не треба да постои, или не треба да учествува на избори за вие да победете на избори.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Три минути реплика за пратеникот Силвана Бонева.

**Силвана Бонева:** Господине Кондарко одвратно е веќе да се слуша и од вас и од дел од колегите од СДСМ, како главен дежурен виновник во оваа држава, за се она што не чини, е ВМРО-ДПМНЕ. Тоа е бркање на мувата која стои на вашата капа, а не на капата на ВМРО-ДПМНЕ. Вие да се пиземјите...

**Слободан Најдовски:** Госпоѓо Бонева реплицирајте на она што го говореше господинот Кондарко, ќе ви го одземам зборот.

**Силвана Бонева:** Не можете да ми го одземете зборот, бидејќи не го одземавте зборот ни на господинот Кондарко.

**Слободан Најдовски:** Реплицирајте на она што зборуваше господинот Кондарко.

**Силвана Бонева:** Господинот Кондарко зборуваше за ВМРО-ДПМНЕ, не за изборното законодавство.

**Слободан Најдовски:** Исклучете ја госпоѓа Бонева.

Реплицирајте, согласно Деловникот, на она што говореше господинот Кондарко и ве молам, барем сте користеле зборови што прилегаат на овој дом овде, користете ги и понатаму.

Продолжете со репликата.

**Силвана Бонева:** Јас не кажав ништо надвор од она што го зборуваше господинот Кондарко. Требаше и нему да му одземете збор, бидејќи веќе еден час зборува само за ВМРО-ДПМНЕ, не за изборното законодавство.

Вие господине Кондарко треба да се приземјите и да го прифатите фактот дека најголемиот дел од одговорноста за фер и демократски избори во оваа земја ја има владечката партија СДСМ, со коалиционите партнери. Ако кај вас ги има политичка волја за фер и демократски избори ќе се придржите од присилата и заканите кои ги правевте пред изборите и на денот на изборите, врз граѓаните и врз државната администрација и така ќе има многу малку нерегуларности и со овој изборен закон кој го имаме сега. Значи најважно од се е прво вашата политичка волја, политичката волја на власта.

Вие сакате во избирачките одбори да биде државната администрација. Во 1990-1994 година, многу добро паметат и знаат тие кои бевме учесници во овие избори, што значи учество на државната администрација во изборен процес во Република Македонија. И од 1990 година па наваму продолжува партизирањето на државната администрација. Во најголем дел тоа го правевте вие, бидејќи најмногу години вие бевте на власт и вашата претходно комунистичка партија СКМ - ПДП. Значи, тие се тие луѓе кои ќе стојат на избирачките кутии. Наша цел е како 1998 и 2002 година, политичките партии да се контролираат самите меѓу себе, се до оној момент додека не добиеме вистинска државна администрација која нема да работи под ничија директива. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Една минута контра реплика пратеникот Борис Кондарко.

**Борис Кондарко:** Почитувана колешке Бонева, секогаш во недостаток на аргументи можеме да се навредуваме. Меѓутоа, мојата лична или политичка култура не ми дозволува, односно внимавам на зборовите и ќе бирам зборови, а оној збор што вие го употребивте дека ви било "одвратно". Ако ви е одвратно можете да излезете од салата. Меѓутоа, загрижувачко е. Тоа говори за вашето ниво и за вашата култура. Меѓутоа, нешто друго е загрижувачко. Не можете да се помирите со поинакво мислење, не викам да прифатите и не можете да прифатите демократска дебата. Ова е местото за демократска дебата, во Парламентот. Понатаму не сакам да ве коментирам воопшто.

**Слободан Најдовски:** Три минути реплика господинот Илија Србиновски.

**Илија Србиновски:** Едно време мислев да се јавам за реплика на господинот Кондарко, меѓутоа, најискрено да ви кажам и не заслужува за реплика овој човек. Овој човек треба да слезе долу во јавноста, по селата, по градовите. Тој самиот знае и СДСМ го грди затоа што тој повеќе не е пожелен никаде и овде го користи правото, на говорницата да каже нешто за ВМРО-ДПМНЕ. Често пати го спомнува ВМРО-ДПМНЕ. Тој на нас ни направи услуга, на ВМРО-ДПМНЕ Најголем рејтинг ни направи. Тој веќе се замислува дека е во ВМРО-ДПМНЕ. Меѓутоа, во ВМРО-ДПМНЕ може да биди, само, ја знае она поговорка. Последен на последните. Меѓутоа, тој за ова што го кажа, ако мисли дека ќе има регуларни избори, зошто го менуваат изборниот законик. Нека си остани изборниот законик целосен тогаш, ако се силни дека ќе победат. Нека излезат по селата, нека излезат по трибините, по градовите нека каже. Но тој е вистина непожелен човек. И затоа викам, нас голема услуга ни направи на ВМРО-ДПМНЕ што се јави сега за дискусија. И вакви како него нека се јавуваат за дискусија, нема проблем. Нас од голема корист ќе ни биди за ВМРО-ДПМНЕ. ВМРО-ДПМНЕ се знае дека ќе победи. Се знае тоа. Тоа е веќе готово. Тој е јак политички конкурент. Меѓутоа, не јас, туку дека ќе победи на парламентарните избори ВМРО-ДПМНЕ. Таа е вистината. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам на репликата господине Србиновски.

Господин Кондарко, една минута контра реплика.

**Борис Кондарко:** Па добро, репликата на господинот Србиновски, мислам дека беше токму егземпларна на нервозата на неговата партија ВМРО-ДПМНЕ, и во таа нервоза очигледно на очиглед на целата јавност се служат и со закани дека не сум бил пожелен. Добро, во ред, што да ви кажам господине Србиновски, нема потреба понатаму.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Продолжуваме понатаму со расправата.

Има збор пратеникот Петковски Тито.

Повелете господине Петковски.

**Тито Петковски:** Господине потпретседател, почитувани колеги,

Јас се извинувам што прекинав забавниот дел на седницата, но се надевам дека ќе има и други можности, бидејќи ова е само прва фаза. И навистина не можам да ја сватам жестината со која расправаме овде, бидејќи се работи само за Предлог за донесување на закон. Можеме да претпоставиме само какви оружја се ќе се извадат во моментот кога ќе треба да се расправа по Предлогот на законот и усвојувањето на амандманите. И што е најважно овде веќе и едните и другите се прогласија за победници, пред почетокот на изборите. Јас мислам дека треба законот веднаш да го донесеме и да продолжи расправата и да го донесеме дефинитивно, да биде Предлог на закон. А не Предлог за донесување на закон. Да не губиме барем време.

И нешто што би сакал навистина, ова ми даде за право во врска со изборите нешто да кажам. Дека атмосферата што се создаде со формирање на штабови, на политичките партии и отсуството, условно речено на главните играчи овде, политички играчи во парламентарните партии говори дека мора многу поодговорно да се пристапи на изборната регулатива. Во смисла, ниту една земја, која малку полага на парламентарната демократија, не ја носи изборната регулатива во годината кога и ќе се одржат избори. Или барем ако ја носи, никогаш изборите не смеат и никаде, дури во земјите во транзиција кој што, еве сега станаа членки на Европската унија, не се случи да изборите бидат пократки во рок од 6 месеци од донесувањето на законот, односно неговото стапување во сила, па до денот на одржување на изборите. Од две едноставни причини.

Првата причина е што, да ги стави сите политички партии, сите можни претенденти во политичкиот натпревар, во рамноправна положба, со оглед на времето што е потребно за подготовка на политичките партии. И второ, да остави простор за едукација на граѓаните да го остварат своето избирачко право. Вака како што е создадена атмосферата во Македонија, еве денес во весници читаме дека владеачката партија веќе формирала и изборен штаб, значи дека изборите ќе се одржат многу кусо време.

Претседателот на опозиционата партија и не доаѓа во Парламентот, тој си прави кампања подолго време. Исто така и на другата опозициона партија не доаѓа подолго време, лидерот на владеачката партија, онака не доаѓа господинот Ахмети, веќе од време, на време е тука присутен, ДПА е отсутна подолго време и никому ништо. А, за изборите се договара вон инстгитуциите на системот. Па после, што би рекол нашиот народ Цацко ни е крив зошто ќе имаме мониторинг од Европската унија за време на изборите, односно на политижките партии и нивните штабови и политичките лидери. Бидејќи едноставно Македонија не функционира, како организирана држава, а за институциите на државата како што е Собранието, ние најмалку и водиме грижа. Се од напред се договори, Собранието овдека ќе треба да одигра само танцот на музите. Јас од тие причини не ја сваќам жестината на полемиката што ја водиме овдека. Тоа е непотребно.

И второ, мислам дека ќе им дадеме навистина за право на Меѓународната заедница да води поголема грижа за нас. Ако инсистираат, изборот, односно парламентарните избори да бидат мерило за тоа дали Македонија ќе добие малку подотворена врата за влез во Европската унија, нели, после стекнувањето на кандидатскиот статус, апсолутно се оправдани иницијативите и мерките што доаѓаат од Европската унија и од ОБСЕ. Дека нам ни треба старателство. Дека нам ни треба посебна грижа бидејќи очигледно после претсеедателските избори и локалните избори сме во состојба сами, како држава, односно како политички субјект, да организираме фер и демократски избори. И не треба да не чуди некои колеги овдека реагираат жестоко дека не сме ние афричка земја. Па во Африка имаат и те како и во наше соседство многу подобро организирани избори во многу земји отколку што ние тоа го практикувавме во последно време. Значи станува збор за нешто што е императив. И, нема да кажам ништо ново. Ќе повторам само една реченица која што е константа за нас. Демократските избори се вистинското мерило за демократскиот исчекор или нивото на демократските процеси во една држава, па ако сакате и цивилизацискиот дострел на еден народ. Ние покажуваме и на овој начин дека се уште сме далеку од друштвото на цивилизацираните европски народи и држави.

Што се однесува до самиот изборен закон. Беше кажано навистина се и мислам дека предлагачот на законот има огромен број на идеи, на предлози, на сугестии од кои што може да си направи, да си извлече навистина, да се направи добра изборна регулатива која барем колку - толку ќе значи гаранција како обврска на учесниците во изборниот процес и ако на сите нас ни е познато дека не постои закон, не постои закон и кој што може да ги спречи разните насилства, фалсификати, кршења и така натаму на изборни материјали. Пак зависи од нашата

општа и ако сакате и политичка култура на сите политички играчи на сите учесници во избирачкиот процес.

Јас ќе кажам само неколку забелешки во името на Нова социјалдемократка партија, на самиот закон. Мислиме дека законикот не е подготвен, според европската номотехника, при што подготвувачот не прави разлика меѓу закон и законик и меѓу кодификација и инкорпорација на законска материја од областа на изборите.

Понатаму, тоа нешто и директно се одразува врз структурата на законикот. На законикот му недостасува прво, јасна дефинирана структура, според конкретна методологија и логичен редослед на изборните дејствија. Немање логика во редоследот на изборните дејствија, создава фалична законска содржина. Тоа и некој други го спомнале. Потребно е да се направи комплетно нова структура на законикот, која ќе содејствува со општо прифатените стандарди на изборите и редоследот на изборните активности. Едноставно изборниот законик мора да добие поинаква физиономија.

Јас сакам во оваа прилика да кажам дека не за оваа фаза, туку за следната фаза како нова Социјал демократска партија изработуваме текст за кој сметаме дека прилега на мигот на времето и дека по него ќе можеме и на експертско ниво, па ако сакате да поканиме некои луѓе од надвор кои можат да ни дадат конкретни сугестии околу тоа како во Македонија сметаме дека најдобро можат врз основа на каква регулатива да се организираат коректни избори.

Понатаму во законикот не е до крај расчистен и прецизиран моделот на организирање на изборната администрација. Познато е дека ние немаме таква. Многу критики беа изречени на сметка или повеќе недоверба на државната администрација. Нам ни е совршено јасно дека на Македонија денес во вакви услови и одговара т.н. балансиран систем на претставување во изборната администрација. Тоа подоцна ќе го дообјаснам што значи.

Понатаму, не е дефиниран и утврден статусот на ДИК, па одтука дилемите дали ДИК може да се јави како орган кој во прв степен може да одлучува за изборните прекршоци, согласно измените на Уставот кои неодамна ги направивме. Не се расчистени и проблемите со избирачкиот список. Ѕвездичката напред дефинитивно не го решава проблемот, тоа не е само мое мислење.

Многу беше говорено околу изборниот модел кој го загатна овој законик. Како држава ги пробавме сите. Имавме чисто мнозински изборен модел, имавме комбиниран и имавме чисто пропорционален изборен модел. Сега со овој законик се задржува постојниот значи пропорционалниот изборен модел. Ние сметаме за дефинитивно утврдување кој изборен модел ќе го применуваме е неопходна, барем за следната фаза, предлагачот на законот да подготви барем мала анализа за искуствата од сите модели за да видиме дефинитивно кој модел ќе гарантира најголем излез на избирачите на избирачките места. Значи, без една таква, барем ако сакате, квантификација на податоци, според мнозинскиот изборен модел сме имале таков и таков одзив, можеме да дојдеме по компарирањето на искуствата до моделот кој на Македонија, на менталитетот на нашите избирачи најмногу ќе одговара. Би било добро, тоа е наша сугестија, до следната фаза односно Предлогот на закон барем да имаме елементарна анализа за тоа какви би биле резултатите и искуствата од овие различни модели.

Следното е препораките на Советот на Европа упатуваат на потребата од воспоставување независен ревизионен орган кој ќе врши ревизија на финансиското работење на партиите особено за време на изборите. Таков орган во Република Македонија не постои. Тоа не е Државниот ревизор.

Според тоа, би било добро во следната фаза кога ќе расправаме за Предлогот на закон да имаме идеи односно размислување на предлагачот кој е најефикасниот начин како да се контролира финансирањето на политичките партии, очигледно тоа е најголемиот проблем во државата кој е најголемата причина, ако сакате, за корупцијата во сите сфери на нашиот живот. Врзувањето на политичките партии за определени моќни финансиски кругови, поединци итн, директно значи обврска утре тоа да се наплати, а каналите се добро познати кои со дополнителни активности, ако сакате, на органите на прогонот на истражувањето тешко ќе можат да се затворат.

Значи, ако во основа се спречи, имаме ефикасна контрола врз финансиските токови кои ги финансираат политичките партии и ефикасни мерки ако сакате и казни многу високи, мислам дека единствено на тој начин може да се постигне таа финансиска дисциплина и одговорност. Инаку незамисливо е при онакви големи, скапи телевизиски тарифи за пропагирање односно пренесување на активностите на политичките партии, политичките партии да обезбедат онакви средства по легален пат ако се знае дека можат да трошат само 15 денари по избирач. Пресметајте колку е таа математика, значи не постои политичка партија која не го крши законот, а до сега никој за тоа не одговарал. Едноставно може да се пресмета колку пати била платена политичка програма на телевизија, колку е платено за тоа, колку чини секој концесионер ќе дојдете до податокот дека сите политички партии, без малку, трошат 10 пати или многу повеќе средства одколку е дозволено по законот. Последици од примена на законот нема. Според тоа, тие ленти не можат да се затворат само доколку имаме успешна контрола. Не говорам дека и институцијата како посебен ревизор, впрочем го имаме искуството од државниот ревизор кога станува збор за трошење на буџетските пари не говори баш афирмативно дека

сме во состојба да го контролираме токот на парите.

Пак се враќам на она што го реков на почетокот, за мене најсуштествена алка во нашиот политички систем која може барем да ги намали или злоупотреби кршењето на законите да го доведе на минимум е Собранието како највисок законодавен дом во државата. Ако Собранието како институција не се почитуваат политичките партии, сами не ја афирмираме институцијата, ние не можеме да изградиме институции за кои толку многу инсистира Европа. Една од тие институции за кои најмногу инсистираат луѓето од Европската комисија е токму Собранието да се направи моќна институција која ќе врши политичка контрола врз извршната власт и се разбира финансиска контрола врз оние кои ги контролираат финансиските токови во државата. Со онаков однос на сите политички партии особено на лидерите кон Собранието и нашата сама маргинализација ние практично си го одземаме најмоќното оружје како Парламент за политичка контрола и врз извршната власт, но исто така и врз токовите на парите и финансирањето на политичките партии на посебен начин кој денеска во Македонија апсолутно е присутен.

Следни две забелешки, во законикот не постои унифицирана законска дефиниција за дизајнот на гласачкото ливче. Тоа исто така може да биде ако не прецизно средено, може да биде сериозен индикатор за некои вентили за можност за фалсификување на изборите. Не постои исто така ни дефиниција што е тоа изборна кампања.

Еве, некои од поголемите политички партии веќе се влезени во предизборна кампања со самиот факт што формираат изборни штабови, значи имаат обврски да отворат жиро сметки, а кој ја води, како, пред кого одговара, кој ќе контролира и самиот старт на кампањата за сите е непознато. Не е познато ни според овој закон.

Според тоа, сметаме дека во оваа фаза кога станува збор за изборното законодавство дека треба да се направат барем минимум консултации со експертската заедница, да се направат консултации со невладините организации, со меѓународни организации, со ОБСЕ кои се специјализирани во сферата на изборите и во фазата на предлогот кога ќе го утврдиме Предлогот на законот да ги имаме навистина сите европски и светски стандарди барем од нормативно-правен аспект да можеме да се доближиме до оние земји кон кои претендираме да бидеме дел по стекнувањето на нашиот статус во Европската Унија. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Петковски.

Дали има некој за реплика? (нема)

Има збор пратеникот Китановски Илија.

Повели господине Китановски.

**Илија Китановски:** Благодарам господине потпретседателе, почитувани колеги, почитуван заменик минисер,

Ќе согледам колку што можно што по концизно да ги образложам забелешките кои што како придонес за подобар и по концизен закон, закон кој што ќе обезбеди онакви избори кои што граѓаните на Република Македонија ги заслужуваат а какви што Европската Унија очекува од Република Македонија за кои што избори сигурно дека ќе бидат одговорни сите политички субјекти. Меѓутоа, за спроведувањето на тие избори уште еднаш, значи да ни биде на сите јасно е по дефиниција одговорна власта која што во моментот ги спроведува тие избори.

Она што е добро генерално е што со овој изборен законик за прв пат имаме Предлог за донесување на изборен законик во кој што се опфатени, односно се сублимирани досегашните закони за локални избори, за избор на претседател на Република Македонија и за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија, и тоа е доброто, и намерата е добра, коректна со една забелешка дека иако се опфатени сите закони, внесени се одредбите од посточките закони кои што ја регулираат таа материја, Законот за избор на одборници , советници и градоначалници во единиците на локалната саоуправа , за избор на претседател на државата и за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија , сепак прв впечаток од читањето е дека многу повеќе изборниот законик личи на механички збир на тие закони, одколку како еден сублимат кој што би требало да биде. Мислам дека тоа и не е толку голема грешка , односно грешка која што може да се отстрани до втората фаза и во текот на јавната расправа и да се доработи, да има поголема поврзаност да не се добива впечаток дека се само ставени механички одредбите од овие три закони и на тој начин е составен изборниот законик.

Она на кое што најмногу се кршат и досега копјата и во оваа расправа и во расправата во јавноста и во стручната јавност, веројатно и за втората фаза ќе биде главна тема и предмет на расправа е регулирањето на изборниот процес, односно регулирањето на изборниот процес во најмалата, но најважната клетка на изборниот процес, а тоа се избирачките одбори каде што всушност се одвива изборниот процес, каде што се одвива гласањето и каде што всушност настануваат или настанувале или можат да настанат сомневања за евентуални фалсификати или нерегуларности.

Кога зборуваме за тоа мора да тргнеме од еден факт дека едно е како политички маркетинг да излегуваме и кажуваме ставови, друго е тие свои политички ставови на својата партија да ги облекуваме во некое убаво руво прифатливо за јавноста, меѓутоа, мора да бидеме искрени, барем во тој дел ако навистина сакаме искрено на Република Македонија и на граѓаните да им обезбедиме фер, демократски, коректни избори кои ќе бидат оценети како такви од Меѓународната заедница. Значи, овој пат нема да

има прогледувања, овој пат нема да има фингирање на фер избори, а во суштина за тоа да се случи главно е да има политички консензус или договор помеѓу најголемите партии во Република Македонија, најдобро е помеѓу сите партии да биде тој консензус, меѓутоа, не може да биде тој изборен законик и тие битни одредби посебно во содржината на составот на избирачките одбори кои, ќе повторам, се главните чинители на избирачкиот процес, таму се одвива гласањето без учество на опозицијата односно без согласност на опозицијата за тие најбитни прашања.

Овде можеме да зборуваме колку сакаме дека се прифатени 12, 7, 5, или 15 барања од страна на опозицијата конкретно од ВМРО-ДПМНЕ и од нејзините коалициони партнери, меѓутоа, битно е ВМРО-ДПМНЕ како сериозна партија во овој процес влезе навистина ангажирајќи ги сите и партиски и непартиски, стручни лица експерти во Република Македонија кои се познати на јавноста и кои давале придонес во дефинирањето на изборните закони, на изборната регулатива и генерално за тоа поднесе повеќе суштински забелешки кои се со цел не да бидат прифатени од страна на ВМРО-ДПМНЕ, па ВМРО-ДПМНЕ да рече а, добро, задоволни сме еве 6 ни прифативте, а овие 4 не се ни битни.

Значи, ставени се забелешки кои го подобруваат изборниот процес, му даваат поголем легитимитет и одстрануваат секакво сомневање од било кого во исходот на изборите. Тоа е намерата, затоа се ставени толку забелешки.

Меѓутоа, кондицио сине ква нон, што би рекле правниците или услов без кој не се може. Забелешките на најголемата опзициона партија и вкупната опозиција да бидат вградени во одредбите кои се однесуваат на избирачките одбори. Да не се повторувам, избирачките одбори се оние делови од изборниот процес и од изборните органи каде се одвива гласањето. Општинските изборни комисии, регионалните изборни комисии и ДИК ги собираат гласовите односно не ги собираат ни гласовите, туку ги собираат записниците. Значи, буквално на самото избирачко место се прави записникот и најдобро е во тој дел како што беше и досега, во избирачките одбори да учествуваат делегирани претставници од најголемите опозициони и позициони партии, како што беше и до сега.

Сега, не знам од каде таа идеја , и јас ќе издвојам две минути во мојот говор, во моето образлагање и обраќање до СДСМ, не знам од каде сега кога тие во 2002 година се согласија, инсистираа на учество на ваков начин на формирање на избирачките одбори, од каде сега главниот проблем за евентуално спроведување на регуларни избори е составот на избирачките одбори односно нивната партизираност.

Се употребува еден термин кој многу грубо звучи во јавноста и кај граѓаните, партизираност на избирачките одбори. Затоа се викаат избирачки затоа што треба да ги спроведат изборите. Без разлика на нивниот состав зборот партизираност не треба да се употребува во таква пежоративна смисла како нешто лошо, грдо, бидејќи изборниот процес е токму за политичките партии преку своите изборни програми, преку своите претставници, пред граѓаните ја претставаат својата изборна програма и да им биде овозможен навистина фер пристап на самиот ден на изборите, а тука е главната улога на избирачките одбори.

Она од што ВМРО-ДПМНЕ, а и сите останати опозициони партии би требало да стравуваат од тоа и секоја опозициона партија, утре и СДСМ кога ќе биде опозициона партија е употребата на владеачките партии на сите инструменти на власта што ги имаат при себе, кои се легално дадени на власта, да ги употребуваат нелегално односно да ги употребува во изборни цели на еден суптилен начин со вршење на притисок на вработените во јавната и државната администрација, сега зборувам на вработените како граѓани кои што ќе гласаат а не како учесници во изборниот процес, односно во избирачките одбори. Тука е голем притисокот. Значи сомневањето во јавноста која што ја изразуваме дека власта по дефиниција врши страшен притисок врз вработените врз целокупната и јавна администрација за тоа за кого ќе се определи и на кој начин ќе го даде својот глас.

Уште сега, во овој политички момент во Република Македонија таа државна администрација, која што на овој начин е подложна не по нејзина вина, по вина на поставеноста на системот и по вина на функционирање на владините институции е подложна на влијанија од страна на владините претставници, кои се политички претставници, на владеачките партии, а им се на работа претпоставени луѓе, уште и нив сега да ги внесеме во изборниот процес. Тоа е исто како во една фирма да ги внесете, како што беше во самоуправувањето, директорот да го избираат работниците, а тој може во секој момент да им даде отказ, да ги прераспредели на други места итн. инт.

Ова е искрената намера и ова е вистината. Инаку, ние можеме како сакаме да ја извртуваме, односно вие можете, бидејќи ја извртувате, дека државната администрација не е партизирана итн. И да не е така партизирана, а е, и да не е така партизирана, многу малку е таа резистентна на тие влијанија и притисоци што ќе ги прават нејзините претпоставени, кои се претпоставени во работата, на работното место, а се политички легитимни претставници на владеачките партии. Тука е се јасно како бел ден. Секоја друга дискусија од типот дека помала партизираност ќе има и помало влијание на партиите во избирачките одбори ако бидат членовите припадници на државната и јавната администрација, навистина е премногу проѕирно за да може така лесно да помине во јавноста, кај

граѓаните, а посебно кај политичките во опозиција и кај ВМРО-ДПМНЕ, никако.

Но, да почнам со ред.

Уште еднаш да потенцирам, не е битно колку забелешки се прифатливи, тие забелешки не се давани да бидат прифатени затоа што одговараат на ВМРО ДПМНЕ. Политичките опции во Парламентот, односно формирање на постабилна Влада затоа што тоа е Влада која што ќе треба да ги спроведе реформите кои што можеби најверојатно ќе бидат болни во некои сектори и интерес е на Република Македонија да тие реформи сепак бидат спроведени од Влада која ќе има едно стабилно мнозинство за да тие реформи се спроведат и на време и онака како што од нас се очекува од страна на европските фактори.

Другата забелешка која што наводно во лидерските средби била прифатена, меѓутоа тоа се сепак само средби и се додека овде на овој Парламент во првата и посебно во втората фаза на донесување на законот не бидат верификувани, не можеме да зборуваме дека ние ви прифативме ова, ние не ви прифаќаме она. Мислам дека се уште не можеме до толку да имаме доверба дека тоа што е договорено или кажано дека е прифатливо, дека така и ќе биде овде на самата седница. Сигурно дека парламентарното мнозинство сите паритии го имаат, можат секогаш и амандмански да интерневираат дури и на усогласен текст на закон, итн. Битно е дека, уште еднаш ќе повторам, носиме изборен законик во кој што треба, пред се, да има согласност помеѓу најголемите политички партии кои што ги претставуваат најголемиот број на граѓани во Република Македонија, односно нивните политички и други интереси.

Друга забелешка беше, околу членот 5 односно второто поглавје или подпоглавје, правото на избирачите, односно право да избира и да биде избран. Тука забелешката, конструктивна на ВМРО ДПМНЕ беше де се овозможи начин, повторно државата, владеачките партии, тоа е нивна обврска да овозножат гласање на нашите граѓани кои што од разни причини живеат во странство, работат таму, на привремена работа или се иселеници, а ги имаат сите неопходни документи кои ги прават граѓани на Република Македонија и можат да го остварат своето избирачко право. Тоа многу земји од Европската унија и претенденти за влез во Европската унија го имаат регулирано и направено и најдобриот начине е тоа да се одвива во, барем за сега, во дипломатско-конзуларните преставништва што Република Македонија ги има во соодветните земји. Мислам дека тоа е забелешка што би требало да биде прифатена затоа што навистина не можеме постојано да се повикуваме на нашите иселеници, на нашата дијаспора само кога ќе ни бидат потребни било за пропаганда, било за привлекување на странски инвестиции, а од друга страна да не им го овозможиме основнот право како граѓани на Република Македонија, а тоа е правото да избираат и да бидат избирани.

Она што лично и јас сметам дека можеби би требало да стои во членот 14, во изборите за пратеници, иако можеби во овој момент е рано, меѓутоа кога ќе дојде законот во втора фаза пред Парламентот веќе ќе може да се разговара и да се дефинираат датуму. Можеби не е лошо и добра беше забелешката на колегата Марјан Ѓорчев, како што е дефиниран изборниот термин за локалните избори, да биде дефиниран и изборен термин и за парламентарни избори. За локалните тој е многу убаво дефиниран, значи првата недела од март или последната, незнам како беше. Битно е ако се утврди еден термин принципиелно тој термин треба да го знаат и да се подготвуваат за него сите политички партии учесници во изборната трка без разлика дали се во Парламентот или не се и во тој дел, барем во тој дел да им обезбедиме еднаков пристап, а тоа ќе го направиме на најеклатантен и најдобар начин ако таа одредба по можност, ако дотогаш се дефинираат термините за изборите, се вгради во членот 14 во изборниот законик.

Сега доаѓаме до составот и до изборот на Државната изборна комисија, на регионалните изборни комисии и на општинските изборни комисии и на избирачките одбори.

Составот на Државната изборна комисија како што е регулиран, има и неколку алтернативи, , добро решение е, принципиелно зборувајќи, значи да се апстрахирам од тоа кој во овој момент е позиција, а кој опозиција. Значи, добро решение за Република Македонија за било која политичка партија затоа што никој нема да биде вечно позиција и вечно опозиција, е претседателот на Државната изборна комисија да биде по предлог од страна на двете партии во опозиција кои на последните избори за пратеници освоеле најмногу гласови, а за кој предлог писмена согласнот ќе дадат двете партии на власт кои на последните избори за пратеници освоиле најмногу гласови. Мислам дека е тоа сосема коректно решение и сега од разни тесно партиси интереси, причини, вакви или онакви, можеме да го напаѓаме тоа решение можеме и да кажуваме дека еве ова го прифативме заради тоа што вие го предложивте итн. Мислам дека ова решение треба да се прифати затоа што е најдобро за политичките партии. Најдобро е и е вградено во закон. Да не ни се случува на секој избори, во зависнот од тоа дали сме опозициона или позициона партија различно да се однесуваме или имаме различни барања. Мисламе дека ова решение е сосема солидно и е споредливо и е преземено од некои демокартски земји со многу по демократска традиција од нашата.

Што се однесува до составот на Државната изборна комисија, значи до членовите до регионалните изборни комисии, до општинските изборни комисии, лично сметам дека во овој момент не е можно, едноставо судиите се иземат од изборниот процес, затоа што сепак од сите

категории на граѓани во смисла на нивна професионална ориентација, дали се тоа припадници на државна администрација, на јавна администрација, судии итн. сепак се категорија на професија која што е помалку подложна на дневно политички влијанија и повеќе резистентна на политички отпори посебно ако тоа решение биде со ждрепка да не бидат предлагани од политичките партии за да не им се создава хипотека дали се предложени од позициона или опозициона партија.

Што се однесува до учеството до останатите членови до составот на останатите членови во општинските и регионалните изборни комисии и во Државната изборна комисија сметам дека треба да остане досегашното решение, тоа е и една од алтернативите предложена во сегашниот текст на изборниот законик дека политичките партии од опозиција кои што освоиле најмногу гласови на последните парламентарни избори и политичките партии од позиција кои освоиле најмногу гласови на последните парламентарни избори треба да предлагаат по двајца или по еден член зависност од тоа колку судии ќе бидат во тие органи. Да не одам сега детално во регионални изборни комисии, во општинските и Државната изборна комисија. Во Државната изборна комисија веројатно по еден, во регионалните и општинската изборна комисија по двајца претставници и системо на меѓусебна контрола која што посебно во овие повисоки органи за спроведување на изборите како што се општинските, регионалните па и Државната изборна комисија ќе даде, мислам, позитивни резултати. Досега и немало некои поголеми проблеми во оваа вертикала на поставеност на изборните органи, значи во општинските и регионалните и во Државната изборна комисија.

Она на што посебно сакам да се осврнам иако на почетокот од дискусијата тоа го потенцирав е зошто во овој момнет е несоодветно во составот на избирачките одбори да се прифати предлог кој што не е содржан во Предлогот за донесување на изборен законик. Значи, тој предлог во меѓувреме откако е даден овој Предлог на донесување на овој законик, излегол од политичките кујни на владеачките партии можеби на некои други, затоа што во самиот закон, самиот предлог во членот 37 алтернативите што се понудени, се алтернативи на став 3, а ставот 3 се однесува на претседателот на избирачкиот одбор и неговиот заменик каде што старото решение, односно првата алтернатива е да бидат по правило дипломирани правници, а втората алтернатива што е понудена е претседателите на избирачките одбори и нивните заменици да се одредуваат по пат на ждрепка од редот на адвокатите или вработените во јавната администрација. А, третата алтернатива односно втора алтернатива на тој член, претседателите на избирачките одбори и нивните заменици да се одредуваат по пат на ждрепка од редот на вработените во јавната администрација. Значи, зборуваме само за претседателите, а за останатите членови одредбата ставот 4 од членот 37 двајца членови на избирачките одбори и нивните заменици се именуваат по предлог на политичките партии во опозиција кои на последните избори за пратеници освоиле најмногу гласови. И ставот 5, двајца членови на избирачкиот одбор и нивните заменици се именуваат на предлог на политичките партии на власт кои на последните избори за пратеници освоиле најмногу гласови. И на овие членови нема алтернатива. Значи, алтернативата дополнително е произлезена, пак ќе повторам, од некои дополнителни договарања во политичките кујни на владеачките партии, можеби и на некои други партии кои што се нарекуваат опозициони и сега на сите ѕвона се труби дека тоа е решението иако во законот тоа решение не е содржано во овој предлог, значи долго време припреман, грижливо синтетизиран итн, тоа го нема содржано, туку сега наеднаш се пласира како топ тема дека тоа е спасот и решението по кое што Европа и Европската унија ќе не оцени дека сме спровеле фер и демократски избори ако припадниците на државната администрација ги ставиме во избирачките одбори комплет со се членови и со се претседатели на тие избирачки одбори. Значи, тоа е алтернатива што воопшто ја нема во законот.Сега се нуди како главна алтернатива, како главна опција усмено. Затоа и повтори, значи се што ќе се договара и што ќе се преговара може да биде само фарса ако во еден тесен круг повторно нешто друго се договори и на седница на Парламентот, парламентарното мнозинство и владеачките партии го имаат, пак ќе повторам, ќе усвојат она што меѓусебно го договориле со коалиционите партнери или евентуално со некои други политички патрии.

И сега зошто ВМРО ДПМНЕ се противи на ова решение што членовите на државната, сега и јавната администрација бидат во избирачките одбори застапени и демек со тоа ќе се департизирале избирачките одбори. Повеќе причини, меѓутоа главните се партизираноста на администрацијата. Тоа никој неможе да го оспори, можеме да кажуваме колку сакаме приказни, дека таа е деполитизирана, департизирана, дека на неа нема влијание власта. Факт е дека е партизирана. Еве неколку примери за тоа која администрација и каква администрација ќе треба да ни ги спроведува изборите и на кој начин се партизира таа адмнистација. Значи, сеќавањата уште се свежи, а ако не се свежи постојат и дневните весници и информативните емисии на електронските медиуми каде што излегуваат партиските списоци со печат и потписи на претседатели на ограноци на политичките партии од власта за тоа кои државни службеници, кои јавни службеници од едно јавно претпријатие треба да се отпуштат, а кои да останат на работа, па после некој се оградуваше од тоа итн., за во некои други исто така државни и јавни институции партиските списоци излегуваа и во весници беа објавувани. И сега ќе зборуваме овде и ќе се убедуваме дека на овој начин избраната, или

селектираната државна администрација ќе спроведе фер и демократски избори и нема да биде на страната на оној кој што во тој момент ја заштитил со печат и потпис од претседателот на огранокот на таа политичка партија. Примерот со Ѓорче Петров и со СДСМ, мислам нема зошто да го кријам, тоа беше јавно кажано. Таква администрација во овој момент сомневањето што го фрлаат тие случаи, го фрлаат сомневањето на целокупната администрација, односно не знаеме на кој и кому ќе му падне ждрепката да биде претставник во тие избирачки одбори. Сигурно ќе бидат оние кои што останале на своите работни места, или напредувале во својата професионална кариера благодарение на политичкото менторствот на политичките партии на власт на СДСМ, ЛДП и ДУИ. Значи, тоа е едната причина.

Втората причина што е уште поважна и посуштинска и побитна е секојдневното влијание на власта врз администрацијата било да е таа јавна, или државна по природа на нештата по дефиниција и тука нема за што повеќе да спориме и да зборуваме и да кажуваме теории итн. Мислам време е, бедејќи се носи еден важен изборен законик кој што Република Македонија ќе ја легитимира како демократска држава која што умее да спроведе фер и демократски избори, значи време е да прозбориме малку поискрено за оваа проблематика и да не се задскриваме зад тоа дека актуелната власт преку своите избрани легитимно политички претставници кои што ја водат државната и јавната администрација неможе да врши притисок врз нив. Таа може да врши притисок како на граѓани, како на избирачи, а пак камоли како на членови на избирачки одбори кои што исклучиво ќе бидат составени од нив. Значи, ќе нема кој да ги контролира освен набљудувачите на политичките партии кои што можат да внесат забелешка во записникот и избирачкиот одбор ако сака, имавме и такви случаи може и да не им ја внесе забелешката затоа инсистиравме на општинските изборни комисии да решаваат и по жалби за кои што нема забелешки во записникот, затоа што некаде не ги оставаа ни политичките партии да внесат забелешка. Дали милом, или силом, важно не ги оставаа да внесат забелешки. Сум бил на такви места каде што се случувало тоа. Или државна администрација како државниот административен, или службеник кој што беше фатен жив со камера каде што уфрла десет, или дваесет ливчиња на избирачко место. Таква државна администрација ќе ни донесе фер и демократски избори и ќе ги води избирачките одбори? Мислам човекот беше претставен како вработен во државната администрација и уфрлил на очиглед на сите, мислам дека беше покрената и постапка, меѓутоа бадијала што е покрената постапка. Битно е дека примерот што го дава како припадник на државната администрација доволно зборува за да се остави една доволна доза на сомнение дека државната администрација, нејзината партизираност и нејзината во моментот нерезистентност спрема влијаните на власта и на владеачките партии неможе да гарантира фер и демократски избори посебно во избирачките одбори таму каде што се одвива изборниот процес. И тука повторно и во јавноста и во медиумите ја слушаме старата приказна од кујната на СДСМ дека сите припадници на ВМРО ДПМНЕ и на другите опозициони партии и коалициони партнери на ВМРО ДПМНЕ се партиски војници. Додека пак партиските војници на СДСМ се експерти, се независни, се јавна администрација, се државна администрација. Како што исто така избравме независен експерт за главен државен ревизор, односно директор на Државниот завод за ревизија кој што беше член на Претседателството на СДСМ и тој е независен експерт. Ако беше припадник на друга партија, тогаш ќе беше партиски војник, вака не е.

Околу избирачкиот список без разлика дали декларативно е прифатено од страна на премиерот или на Владата забелешката околку избирачкиот список, сметам дека е добро решението избирачкиот список веќе еднаш дефинитивно после 15 години сомнежи во кои што сомнежи се менувале оние што се сомневаат, значи во еден период и СДСМ се сомневаше, време е да се исчисти од оние 200 илјади, значи незнам колку се граѓани кои што не се тука, а со чие што име во избирачкиот список се остава можност да се манипулира, може да се манипулира. И посебниот список воопшто не е нивна дискриминација или деградација, затоа што вака како што ќе бидат одбележани и тоа е некој вид на дискриминација, односно, сепак се одбележани луѓето. Тој посебен список би можел да биде како додатен на главниот список како анекс.

На некој начин сепак точно би се знаело колку во Република Македонија, месец дена пред одржувањето на изборите, има избирачи со избирачко право, а се присутни со постојано место на живеење и вработени во Република Македонија.

Исто така забелешките околу контролното пребројување е добра работа што навистина, принципиелно, внесена во закон ќе даде некоја гаранција и ќе ги тргне понатаму сите сомнежи кои секогаш, оној кој ги загубил изборите, ги изразува, па бара пребројување и тн. И можноста односно нашето барање кое наводно ќе било прифатено, за побезбедно спроведување на изборите во смисла на тоа дека волјата на граѓанинот навистина бездруго ќе стигне во гласачкото сандаче и дека нема да биде злоупотребена, а и како еден вид на брана и заштита од полнење на кутии, да се става печат од страна на избирачкиот одбор, на самото гласачко ливче, пред неговото пополнвување, односно пред предавањето на граѓанинот. И уште еден печат после пополнувањето, а пред ставањето во гласачката кутија. Тоа е малку посложена операција, можеби ќе одзема време, меѓутоа ќе им одзема време и на сите оние кои мислат да ги полнат гласачките

кутии со ливчиња, а ќе им треба малку повеќе време тоа да го направат во така масовен обем, како што умеат да го прават.

На крајот би завршил со уште една констатација, пак околу ова горливо прашање. Значи не е битно колку на број забелешки или сугестии на опозицијата ќе бидат прифатени, на ВМРО-ДПМНЕ, туку дали ќе бидат прифатени суштинските забелешки. Тоа е поентата.

На крајот морам да констатирам дека е многу интересно што тука и ВМРО-Народна има ист став, иако до пред една година и тие на полн глас велеа дека државната администрација се партизира. Сега гледам дека буквално идентичен став имаат и двете партии, па не знам чиј став го поддржуваат, СДСМ од Народна или Народна од СДСМ. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Три минути реплика госпоѓа Топузова.

**Роза Топузова-Каровска:** На самиот почеток сакам да кажам дека пријатно сум изненадена што за прв пат во овој Парламент слушнав од некој претставник на ВМРО-ДПМНЕ дека имало некој добар закон, или во најголема мера добар, како што кажа почитуваниот колега Китаноски дека овој законик во најголема мера е добар. Значи таква констатација прв пат слушам од ДПМНЕ. Но, од друга страна пак кажува дека не се прифатени нивните најсуштински забелешки.

До пред извесно време, сакам да ја потсетам македонската јавност дека најсуштинска забелешка на ДПМНЕ беше тоа кој всушност ќе биде претседател на ДИК, со изјавите дека тоа е клучна фигура, дека од него зависат изборите и тн., да не го повторувам сето она што тие го кажуваа во јавноста и сега кога веќе тоа е прифатено, за нив најважно и најсуштествено е тоа дали политичките партии ќе учествуваат во избирачките одбори и тоа треба да учествуваат политичките партии кои на последните избори освоиле најголем број гласови. Познати се и поинакви методи, имаме пример од искуството на соседните земји. Значи може да биде, политичките партии кои имаат најголем број пратеници, во тој момент, во Парламентот. Но, да не дискутирам околу тоа затоа што ЛДП се залага апсолутно политичките партии да не бидат вклучени во избирачките одбори. Зошто е тоа така? Затоа што најголемите нерегуларности на изборите, всушност се случуваат токму од членовите, од претставниците на политичките партии во избирачките одбори. Таму имаме кршење на кутии, контролирање на тоа кој излегол на гласање, па дури и таканаречениот фамозен "бугарски мост", може да се изведе само со помош на партиски член кој е вклучен во избирачките одбори. Да се сомневаме во тоа дека е партизирана целокупната јавна администрација и притоа да обвинуваме само некој друг дека ја партизирал, однсно партиите кои сега се на власт, апсолутно не држи затоа што само господинот Китаноски додека беше директор на ЈП за станбен и деловен простор, од 10 до 20 септември прими стотина партиски луѓе, да не говорам за останатите.

И сосема на крајот околу избирачкиот модел, сакам да кажам, имав тука уште нешто, но околу избирачкиот модел, да се каже дека не е добар пропорционалниот, а е добар мнозинскиот затоа што само најголемата група пратеници од ДПМНЕ формираа нова партија, немајќи никаков друг аргумент, за мене апсолутно е нецелисходно.

**Љупчо Јордановски:** Господине Китаноски повелете имате една минута контра реплика.

**Илија Китаноски:** Сите оние луѓе кои ВМРО-ДПМНЕ ги прими и во ЈП за станбен и деловен простор и во другите јавни претпријатија, вие се потрудивте да ги избркате и не само нив туку и други, така што во тој дел воопшто да немате никаква грижа дека има голема застапеност на блиски луѓе на опозицијата. Значи буквално ги избркавте сите од работа, голем дел однив сега водат судски спорови, ќе видиме како ќе завршат.

На почетокот, не знам дали добро ме слушавте, или треба да ги вадам стенографските белешки, сум рекол конечно тоа е добар закон. Кажав дека само е добар обид заради тоа што три закони во едно се ставаат и се формира изборен законик, што Република Македонија го немала. Меѓутоа, самата содржина во него, суштинските забелешки ако не се прифатат, апсолутно ништо нема да придонесе, дури ќе направи поголемо сомневање за нерегуларни избори.

**Љупчо Јордановски:** Колку што ја разбрав госпоѓата, доволно е тоа што го употребивте зборот "добар".

Повелете гопсподине Стојаноски имате три минути.

**Блаже Стојаноски:** Благодарам господине Јордановски.

Навистина интересно излагање од неколку причини, затоа што она што постојано го слушаме и преку партиската СИТЕЛ телевизија и преку сите јавни настапи за најголемата бројност на најголемата опозициона или не знам каква и од кои аспекти најголема се сметаат опозициона партија. Јас само би потсетил дека со осум пратеници од 120-члениот Парламент, не може некој да претендира и само да се проглсува за најголема опозициона партија и притоа да ги приграбува сите оние услови или уценувања кои ќе значат дефинирање на закон кој ќе значи добра основа за квалитетни парламентарни избори. Затоа јас би го прашал колегата, навистина колку граѓани на Република Македонија се претставни во осумте пратеници на ВМРО-ДПМНЕ за да може тоа да се дефинира како најголема опозициона политичка партија.

Понатаму, сите овие пратеници кои сега се пратеници во овие клупи, во 2002 година беа избрани под лидерството на господинот Љубчо Ѓоргиевски како претседател на ВМРО-ДПМНЕ. Значи сите овие работи, вклучувајќи го тука и лидерот односно претседателот на ВМРО-

ДПМНЕ, господинот Никола Груевски. Затоа сметам дека единствена цел која ја заговарате е во тоа ВМРО-Народна партија да се маргинализира. Тоа е вашата цел.

Втората цел е ВМРО-Народна партија да не може да учествува во избирачките одбори, со цел да не може да врши контрола на вас и над претставниците на СДСМ, за да може да ги полните кутиите заедники, како што ги полневте за претседателските избори и да го остварувате цензусот кој тогаш му го остваривте на господинот Бранко Црвенковски. Тоа беше и основната причина за поделбата во ВМРО-ДПМНЕ затоа што ние не сакавме да биде избран Бранко Црвенковски со наши гласови, а вие тоа го направивте и така станавте ВМРО-ДПМНЕ која го изгуби континуитетот на ВМРО-ДПМНЕ на Љубчо Ѓоргиевски. Тоа е она што сакав да го истакнам и да не се служите со самопроглсување на најголеми или помали или најмали политички партии, туку тоа треба да биде засновано на реални показатели и реални критериуми.

Во однос на составот на изборните органи, само ќе истакнам дека претседателите на избирачките одбори, треба 3000 претседатели и 3000 заменици претседатели. Дали ќе сметате дека тие се партизирани и од каде ќе ги регрутирате. Дали до сега тие не беа регрутирани од државната јавна администрација и дали тие не беа пресудниот глас кој одлучива во избирачкиот одбор, бидејќи беа двајца од позиција, двајца од опозиција и тие беа тие кои одлучуваа во избирачките одбори. Затоа сметам дека предлогот за професионализација треба да го почитувате.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Стојаноски.

Повелете господине Китаноски имате една минута контра реплика.

**Илија Китаноски:** Благодарам претседателе. Ќе се трудам вака брзо да зборувам за една минута.

Легитимитетот, ВМРО-ДПМНЕ, ако го проблематизираме тоа кој како преминал, каде преминал и кој отишол во нова партија, ВМРО-ДПМНЕ легитимитетот пред граѓаните го црпи од 220 илјади и повеќе гласови добиени на советничките листи на локалните избори. Значи може и таква одредба, ако не им одговара на колегите, на последните парламентарни избори, затоа што политичка партија се легитимира пред граѓаните на избори, не овде во Парламентот кој колку столчиња заземал, или кој колку презема пратеници од една во друга партија. Легитимитетот на партијата извира од граѓаните. Ако тоа не сте го знаеле, ќе го дознаете сега на овие избори.

Понатаму, немаме намера да ја маргинализираме ВМРО-Народна. Напротив, дури сакаме...

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Повелете госпоѓа Којзеклиска, имате три минути реплика.

**Марија Којзеклиска:** Јас само да разјаснам некои работи со таканаречената најголема опозициона партија.

Јас мислам дека единствената причина за која ВМРО-ДПМНЕ бараат членови на избирачки одбори да бидат претставници од политичките партии кои на последните избори освоиле толку и толку гласови е, прво ВМРО-Народна да нема свои претставници и второ за да може да ги обезбедат своите членови со по 1000 денари или колку се дава од член на избирачки одбор.

Сега кратко во компаративна анализа за составот на избирачките одбори во другите земји.

Еве во соседна Бугарија.

Членот 18 став 1 вели дека регионалните изборни комисии и избирачките одбори се составуваат од членови на парламентарно претставените политички партии кои имаат право да предлагаат во секој избирачки одбор свои претставници, парламентарно претставените партии. Тоа очигледно не им одговара.

Хрватска, која е на чекор пред влез во Европска унија, членот 20 вели, членови на избирачките одбори и нивните заменици мора да бидат дипломирани правници, а не може да бидат членови ниту на една политичка партија. Членови на избирачки одбори и нивни заменици не може да бидат членови ниту на една политичка партија. Сега ние ли сме најпаметни на овој свет. Македонија ли е најпаметна. Имало и попаметни луѓе и Хрвати и Бугари. Ние упорно не, членовите на избирачките одбори да бидат од политичките партии. И на крајот на краиштата зошто ВМРО-ДПМНЕ смета дека нивниот предлог е најисправен. Зошто не ми е јасно, освен да ја дискредитира ВМРО-Народна. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Можеби не сме најпаметни госпоѓа Којзеклиска, но мислам дека не сме ни најглупави.

Повелете господине Китаноски имате една минута контра реплика.

**Илија Китаноски:** Најмалку имаме намера да ја маргинализираме ВМРО-Народна. Таа со своите постапки вака сама се маргинализира. Дури сакаме да имаат претставници во избирачките одбори. Меѓутоа на овој начин не знаат дали и тие ќе имаат претставници на избирачките одбори.

Околу тоа кој со кого и како коалицира, еве ја поканувам колешката Којзеклиска да дојде во Кичево и да види како нејзината партија коалицира отворено, на писмено со СДСМ и ДУИ.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Стаменков, имате збор.

**Ванчо Стаменков:** Почитуван претседателе, пратеници, претставници на Владата.

Изборниот законик, како што е наречен е закон кој треба да донесе нов момент во Република Македонија, во делот на изборниот процес. Така беше најавен. Тоа е обврска која ни ја постави Европската унија која не обврза едноставно да немаме повеќе кредити, овие избори кои сега се

пред нас, палраментарни избори 2006 година, мора да бидат фер и демократски избори, спроведени по терк на изборите кои се спроведуваат во Европа. Ние ја имаме таа обврска, ако сакаме конечно да бидеме признаени како држава во која владее правото, демократијата и слободата. Тоа е потребата од која произлегува и ова сега што го имаме во Парламентот, изборниот законик кој е подготвен од страна на Владата, во соработка со некои невладини организации и како текст ни е дадено на нас парламентарците, мислам пред 10-15 дена, иако за тој текст се зборуваше со месеци наназад дека го има и се разговара за него со одредени политички субјекти или одредени експерти во државата.

Кое е нашето влијание како пратеници.

Јас ќе се согласам, да не се повторувам со господинот Тито Петковски, дека ние како пратеници сме маргинализирани и дека нашето влијание е минормно и скоро никакво, во делот, не само на овој закон туку скоро во сите закони што се носат во Парламентот на Република Македонија. Така ни е поставена работата во државата, така ни функционира системот. Едноставно законите се договараат во кафана, во Република Македонија. Дали тоа ќе биде Маврово, дали ќе биде некое друго место, каде ќе седнат челниците на политичките партии и одредени групи влијателни луѓе. Факт е дека е тоа така.

Ние добиваме веќе готови решенија кои што само треба да ги изгласаме и без нас едноставно не може закон да помине во Република Македонија без Парламентот, но, нашето влијание да смениме нешто во тие закони, како што кажавте, е скоро никакво, минороно влијание кое што може нешто да се прифати кое што нема да направи значајни промени во текстот на законот. Дали овој текст на законот кој што го имаме сега пред нас ќе влијае на она кое што е основна цел, да имаме фер и демократски избори во Република Македонија. Јас внимателно го прочитав законот неколку пати, споредував со она што како изборно законодавство го имавме и претходно во повеќе закони опфатено и видов дека нема такви механизми во овој закон кој што круцијално се разликуваат со претходните законски решенија за изборниот процес. Не можете да најдете вие нешто кое што е заштитен механизам токму од оние кои што го кршат изборниот процес и кои што со години наназад делуваат на тоа да имаме избори кои што се својствени за некои народи кои што се далеку од тоа да се наречат културни народи и народи со своја култура и традиција, може да се каже, па и народ кој што припаѓа во Европа. Да се вадиме на тоа дека сме млада парламентарна демократија и дека само 15 години спроведуваме плурализам односно уште не сме на тоа ниво дојдени да знаеме да спроведеме фер и демократски избори бидејќи немаме и доволно искуство во оваа област, верувајте дека не поминува повеќе тоа и дека еден ден сепак ќе имаме фер и демократски избори. Не поминува тоа поради тоа што ние сме опкружени со земји кои што имаат фер и демократски избори и исто како нас се млади и плуралистички демократии и исто така немаат големи искуства во делот на изборните процеси. Тоа е една Бугарија, каде што можете едноставно да приметите дека таму веќе изборите неколку изборни циклуси назад се спроведуваат на многу високо ниво, тоа е една Хрватска, па една Словенија, држави кои што треба да ни бидат пример како треба да го организираме изборниот процес и како треба да го направиме изборниот законик. Како што кажа колешката Марија Којзеклиска, треба и да црпиме искуства од овие земји кои што веќе имаат позитивни искуства во оваа област. Зошто не преземеме некои работи кои што веќе се покажале дека се добри? Зошто не преземеме работи од Европа, каде што има изборни закони исто, и кои што се закони кои што обезбедуваат фер и демократски избори.Ние правиме нешто кое што едноставно ќе биде единствено во светот како изборна регулатива. Верувајте дека ова што го имаме како текст на законот, не верувам дека некаде постои вакво решение како што се нуди тука, во скоро сите сегменти, односно глава по глава ако го гледаме текстот на законот. Еве го изборниот модел. 6 изборни пропорционални единици, не верувам дека постои држава која што така се организирала да спроведе избори во светот. Верувајте, нема да најдете такво нешто. Ние сме единствените вака организирани. Се знае како може да биде организирано. Ако одиме на професионален модел, една единствена изборна единица, 120 пратеници или некој комбиниран модел мнозински да се даде можност и на поединецот како индивидуа да земе учество во изборите и со своите лични вредности да успее да се докаже пред граѓаните дека е вреден, да биде член на овој Дом, на Парламентот на Република Македонија. Ние го имавме тој модел, го имавме и мнозинскиот модел, а сега имаме еден трет модел кој што се донесе 2002 година во договор меѓу двата најголеми политички субјекта на политичката сцена во 2002 година и еве што добивме со тој модел. Добивме Парламент кој што е марионета на извршната власт. Тоа е факт дека е така. Тој модел ни го донесе овој Парламент, и сега ние воопшто и не го спомнуваме тоа како проблем што Парламентот на Република Македонија не е ефективен, а кога велам ефективен не мислам на тоа колку закони се донесени. Како што претседателот на Парламентот кажа, ние работевме многу денови и колку ние како Парламент влијаевме на тие закони да можеме да смениме нешто во нив. Тоа е ефективноста, крајниот резултат. Ние можеме да зборуваме тука и со денови по одредени закони, но ако ништо нема од тоа, ако никој не ги прифаќа нашите забелешки како пратеници, нема ефективност од тие дискусии. И ова така ќе помине, едноставно, ние ќе зборуваме како пратеници, никој нема да не слушне. Пак ќе

седнат неколку луѓе и ќе кажат еве тука можеме, тука не можеме, ќе се договорат, и во следната фаза кога ќе дојде законот ќе го изгласаме. Тоа почитувани колеги пратеници го донесе овој модел, пропорционален модел со по 6 изборни единици, кога пратениците мора да бидат партиски послушници и без приговор и без размислувања, да станат пратеници кои што не смеат да мислат со својата глава. Тоа им е забрането од партиите. Ние го имаме тоа во Република Македонија, верувајте, или можат да кажат свое мислење а на крајот мораат да гласаат како што им е кажано. Имаме и такви случаи. Ќе се зборува дури и со критика по одреден закон на комисија, па може и во Парламентот, овде во овие простории, а на крај пак ќе си гласаат како што им е кажано од партијата. Имавме многу примери такви дека тоа е така.

Затоа сум против овој модел и затоа и Земјоделската народна партија е против овој модел, затоа што овој модел не и донесе ништо добро на Република Македонија туку ги уназади демократските процеси, слободата и правата на граѓаните на Република Македонија бидејќи пратениците се гласот на народот.Пратениците се тие кои што го претставуваат народот, ја претставуваат таа слобода и демократија преку гласовите кои што граѓаните ги дале за нив. Ние тоа го изгубивме и ќе го изгубиме и во наредниот период, верувајте, без разлика која партија ќе дојде на власт, ќе биде така со овој модел. Затоа ние сакаме една изборна единица или да се вратиме на мнозинскиот чист модел 120 изборни единици. Еден круг на гласање, не два круга. Во Македонија не може да има два круга на гласање по ниеден основ и дури и она што сега постои во овој текст на законот за, да не ги заборавиме локалните избори, градоначалниците, каде што стои дека ќе победи градоначалникот во прв круг ако има мнозинство гласови, значи треба да има над 50% од оние кои што ќе излезат на гласање, тој цензус тешко се исполнува во првиот круг и имаме обично во скоро сите општини втор круг на гласање. Вториот круг на гласање е оној кој што ни носи проблеми и оној кој што ни ги прави сите проблеми во изборите во Република Македонија. Ние тоа мораме да го укинеме. Ние не смееме да си дозволиме повторно да имаме, било на кои избори, дали се тоа локални избори, парламентарни избори, претседателски избори, втор круг на гласање. Едноставно, од овој закон треба да се избрише таа можност, значи, ќе победи тој кој што во првиот круг имал најголем број на гласови, без разлика дали еден глас повеќе или два гласа повеќе. Тоа е покажано дека е добар модел. Ако една Велика Британија го има тој модел, зошто ние да го немаме, една од настарите демократии, можеби најстарата демокрација на стариот континент во Европа.

Јас верувам дека ќе се размисли во овој период, додека законот дојде во втора фаза во Парламентот, и дека има можности да се свестиме и да направиме закон спрема потребите на Република Македонија и она кое што се бара од нас како политичари да овозможиме одржување на фер и демократски избори во Република Македонија.

Во делот на изборните органи кои што предизвикуваат доста реплики, несогласувања, еве може да се каже меѓу одредени политички субјекти и недоразбирања, верувајте дека и досегашното решение кое што го имавме, партиски претставници да бидат на избирачките места не е добро решение. Не е добро решение затоа што се соочувавме со многу проблеми на самите гласачки места. Имавме од она најопасното како што е, фалсификување на избори, уфрлување на гласачки ливчиња во кутиите, до јавно гласање, дозволено јавно гласање, до уцена на самото гласачко место на гласачите, односно на избирачите на самото гласачко место едноставно да бидат принудени да гласаат за одредена политичка партија, дури до заокружување на нивното гласачко ливче од луѓето кои што беа во избирачките одбори. Значи, не е добар тој модел и јас сметам дека тука мораме да направиме измени. Не вакви измени како што се предлага со ова "тавче", тавче ќе го кажам, дека треба да ги замени овие луѓе државната администрација, и толку. Која е таа државна администрација? Кои ќе бидат тие луѓе? Со ждрепка? Ќе фрламе ждрепка и сега тој ќе биде, овој нема да биде? Не. Верувајте дека ние треба да направиме професионални избирачки одбори, со тоа што заклучок е на сите дека главните проблеми за одржување на фер и демократски избори, за почитувањето на правата и на слободите на граѓаните на избирачкото место главен чинител се токму избирачките одбори и луѓето кои што седат таму. Нас ни требаат професионални избирачки одбори. Може дури да има и членови од државната администрација, може да има ако тие луѓе не биле никогаш членови на политички партии, тоа треба да го вградиме во законот. Ако тие луѓе имаат соодветни квалификации, соодветно образование, и ако тие луѓе поминале соодветна обука која што е неопходна, не обука од два часа или еден час, како што сега се прави, туку обука која што ќе трае неколку месеци и ќе биде изведена на толку високо ниво од стручни луѓе, експерти, а не од општинските изборни комисии кои што се предлагаат сега со законот, бидејќи и на тие некој треба во општинските изборни комисии да им направи обука, и тие слабо ги разбираат работите, и дури и тоа што го разбираат не го спроведуваат. Верувајте дека сме имале проблеми со општинските изборни комисии од незнаење на законот за избори, да едноставно не постапуваат според законот. И таму луѓето се пак партиски членови, единствено претседателот на Комисијата е судија, во многу случаи, не велам кај сите, но кај голем број од судиите, како што сега беше примерот, беа предлагани токму од партиите. Беа поделени и општините, оваа општина ќе биде на опозицијата, другата општина ќе биде на власта и така се поставуваат, и спрема

тоа, да кажеме, не се членови на политичките партии, симпатии према одредена политичка партија. Факт е дека е тоа така.

И сега, какви претседатели ни требаат на општинската комисија. Ни требаат судии или адвокати признаени во својата област кои што со своето работење покажале дека се имуни на политичките партии и дека професионално си ја извршуваат својата работа и професионално ќе ја извршат и оваа работа, претседатели на општинските комисии. Такви луѓе ни требаат, такви има во Македонија, и треба да ги поставиме, и треба и овие професионалци да ги направиме, кои што со години натаму ќе бидат членовите на избирачкиот одбор, ќе работат и ќе знаат, има избори, тоа се членовите на избирачкиот одбор, луѓето кои што ќе бидат обучени ќе ги спроведуваат изборите во Република Македонија. Тие луѓе не смеат да бидат членови на политички партии, а партиски инструмент за контрола на самите избори е преку набљудувачите

Тоа сите ние го знаеме и тие се присутни на гласачкото место, со строго дефинирани правила, како треба да постапуваат и како смеат да бидат присутни на гласачкото место и што можат таму да направат, а што не можат. Во овој закон тоа го нема. Не е дефинирано. Ние имаме таму луѓе со мобилни телефони кои што ѕврцкаат, се јавуваат, прават триста чуда таму, рецки ставаат кој влегува, кој излегува, тие не смеат ни пенкало да имаат во својата рака. Кој им дава право да забележуваат по име и презиме кој гласал кој не гласал. Тоа е нарушување на тајноста на гласањето, верувајте. Кај нас во секој момент се знае, во помалите места, колку луѓе гласале за, еве, за опозицијата, дали е тоа СДСМ или ВМРО - ДПМНЕ, не е важно, со своите машинерии и знаат точно кој и како гласа и го бележат таму, дошол и гласал.

**В**ерувајте дека мораме да ги дефинираме правилата на игра на избирачкото место. Ако не го направиме тоа, нема да имаме фер и демократски избори. Не може да се бројат ливчиња со пенкало во рака. Едноставно не може. Сите држат пенкало во раката и бројат ливчиња. Тоа треба да го дефинираме во законот и ако не ви се допаѓа, добила некоја малечка партија или еве, ДУИ добила глас во Кочани, ќе го направат неважечки. Зошто да нема ДУИ ласови во Кочани, нека има, или во Прилеп, зошто да го направат неважечки тој глас.

Треба да имаме политичка волја и желба да направиме фер и демократски избори, а тоа ќе го видиме преку законот, дека имаме политичка желба.Во децали ќе го дефинираме законот, ќе го напишеме и сите оние пропусти кои што ги имаме осознаено, и ОБСЕ го има тоа и сите тие невладини организации кои што беа присутни, па и партиите го знаат од сите многу подобро тоа, бидејќи они ги прават, они ги прават проблемите на избирачките места, никој друг. Да се отвориме и да кажеме, 2006 ќе имаме фер и демократски избори, со закон кој што стварно ќе биде на ниво, кој што ќе ги опфати сите тие можности за манипулации и ќе се вградат во законот и ќе придонесат до тоа да превентивно делуваме и да ги спречиме. После извршеното дело казните кои што се наведени тука во законот, нема да и помогнат на Република Македонија пред меѓународната јавност да биде прифатена.

И она што сите го сакаме еден ден да станеме членка на Европската унија. Ние мораме да направиме превентива и навистина да ги спроведеме овие избори како последен тест за нашата зрелост дека сме демократски ориентирана земја и дека сакаме да влеземе во Европската унија.

Во делот на избирачкиот список со години се зборува дека имаме тежок фалсификат во избирачкиот список. Тој е присутен. Имаме луѓе кои што се починати, кои што се наоѓаат во избирачкиот список и не само што се наоѓаат, гласале на изборите, се појавиле и гласале на изборите и тоа е евидентирано со факти докажано и никој не презема никакви мерки. Имаме луѓе кои што доаѓаат со лични карти од пред пет минути направена лична карта и доаѓаат да гласаат. Никој не го познава, од каде се појавил, дали е дојден од Албанија, дали е дојден од Бугарија, никој не го познава, а бидејќи има валиден документ, валиден кога зборувам можеби е и фалсификат, важно тие луѓе што се на избирачките одбори не се стручни да проверат дали е тоа фалсификат или не е фалсификат, важно има слика негова и ќе дојде ќе си гласа. Има човек кој што е фатен со 50 лични карти во џебот со негова слика. Механизмите за фалсификување на изборите веќе се отидени премногу далеку во Република Македонија. Затоа мораме ние конечно овој избирачки список да го ревидираме, да направиме избирачки список кој што ќе биде вистински избирачки список според реалната ситуација во Република Македонија, според она ако се милион и двеста илјади луѓе кои што имаат право на глас, нека бидат милион и двеста илјади, или милион и триста, но навистина да бидат тие луѓе присутни во Република Македонија и едноставно да живеат тука. Не можеме ние да имаме на избирачкиот список луѓе кои што 30, 40 години се иселиле од Република Македонија, не се појавиле тука, отишле во Австралија, во Канада, во Америка, или отишле во Германија. Тука е проблемот на тоа дали тие луѓе кои што се македонци или граѓани на Република Македонија, бидејќи можат да бидат и Албанци и Турци, треба да ги вклучиме во изборниот процес и да им овозможиме да гласаат таму каде што моментално живеат. Тоа е прашање кое што треба да го отвориме и да зборуваме за него. Мое мислење е дека тие луѓе имаат право на глас следејќи ги примерите на другите држави како го прават тоа. Дали ние како Република Македонија имаме можности, средства, услови да го спроведеме тоа е прашање. Моја желба е еден ден навистина тие луѓе да можат да влијаат врз политиката во

Република Македонија врз она кој ќе ја води Република Македонија, кој ќе биде оној кој што ќе се грижи за нивната држава која што заради некои причини ја напуштиле.

Во делот на изборната кампања исто е нецелосно опфатена материјата. Дефинирани се поимите како собири, како медиум, плакати итн, моменти кои што се важни за изборната кампања, но исто така не се детално разработени сите можности на злоупотреба посебно на медиумите. И она како член 183 од казнените одредби, верувајте дека тоа се мали казни за медиумите ако го прекрши кодексот за рамномерно претставување на сите политички партии, или за еднаква присутност во согласност со Законот за радиодифузија. Таму треба да се зголемат казните многукратно и дури мислам дека треба да има и кривична одговорност за одговорното лице во медиумот кој ќе го прекрши Законот за избори. Бидејќи сведоци сме во изминатиот период дека одредени политички субјекти беа нон стоп, посебно телевизиските медиуми беа присутни, додека другите ги немаше. Се знае кои се поприсутни, тие што се побогати и кои што имаат свои медиуми. Така било, така и ќе остане. Така што сега за казна од 200 илјади, или 300 илјади денари зошто и на овие избори да не го прекрши законот. Сметам дека со оваа казнена одредба нема превентивно да влијаеме на тоа медиумското претставување да биде еднакво за сите политички партии.

Што не е опфатено? Во овој дел, значи изборна кампања, не е опфатено што не е дозволено како изборна кампања, што не е дозволено да се спроведе од страна на партиските активисти и што не смеат да направат во изборната кампања. Дали смеат тие да влегуваат во домовите, или во приватната сопственост на граѓаните за одредени акции: излези да гласаш, кои што ги спроведуваат политичките партии. Ја нарушуваат приватноста, ја нарушуваата приватната сопственост, влегуваат во домови, не бираат време кога ќе им влезат, дали е тоа 24 часот, дали е тоа наутро, едноставно ќе му тропнат на вратата и ќе му влезат дома тројца луѓе и ќе кажат: ние сме активисти од таа и таа партија. Тоа треба да се забрани со овој закон. Каква акција, излези да гласаш? Се знае како се водат избори. Ако сакаме да дадеме пропаганден материјал има јавни места на кои што ќе се дели тој пропаганден материјал. Не смее да се влегува во приватноста, односно во приватната сопственост на граѓаните на Република Македонија. Тоа е против законско и по други закони кои што ги имаме во државата. Приватната сопственост мора во оваа држава да биде светиња. Тоа е она кое што мораме да го вградиме во изборниот закон. Дали ќе го вградиме ќе видиме во втората фаза. Ако не го вградиме, верувајте дека нема политичка волја за спроведување на фер и демократски избори и дека нема политичка волја од Република Македонија да направиме демократска држава во која што граѓаните ќе ги уживаат сите права и слободи. Има да се зборува уште за многу други работи, доста е и толку што кажав. Барем дел да се прифати од ова што го кажав ќе имаме многу подобар текст на законот за втората фаза.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Нема реплики.

Има збор госпоѓа Цветанка Иванова.

**Цветанка Иванова:** Ви благодарам господине претседателе, колеги пратеници, почитуван господине заменик министер,

Самиот факт што еве веќе три дена дебатираме го изразува значењето на овој законик кој што денеска го донесуваме, а искрено да ви кажам и односот на сите нас пратениците кон овој изборен законик затоа што внимавав и скоро без исклучок секој пратеник стана од овде од оваа говорница да си ги искаже своите мислења, забелешки, сугестии. Значењето на овој изборен законик според мене е од два аспекта.

Првиот аспект е местото кој што овој изборен законик го има во нашиот правен систем во државата и вториот аспект е од аспект на моментот во кој што го донесуваме овој закон и целите кој што сега со донесувањето на овој законик да ги постигнеме.

Од аспект на местото на овој законик во нашиот правен систем секако дека сите ќе се сложите со мене овој изборен законик има значајно место во правниот систем на нашата држава, затоа што според овој законик, според правилата на овој законик граѓаните ги даваат своите гласови и практично според овие правила се полнат седиштата во овој Парламент односно се освојуваат пратенички места и во зависност кој ќе бидат освоени овие пратенички места зависи понатаму власта, а од власта зависи како ќе биде креиран целокупниот амбиент во државата.

Од аспект пак на моментот на донесување на овој закон секако дека и тука немаме многу дилеми е многу значаен затоа што најважен настан во 2006, можеби еден од најважните, ајде можеби ќе ни се случи нешто и многу поважно, најважен настан во 2006 година за Република Македонија секако е ќе се сложите парламентарните избори 2006. Ние сите без исклучок сите политички субјекти во државава даваме значај на овој настан затоа што треба да спроведеме сите ние заедно пак зборувам без исклучок, фер, демократски избори, а тоа ни е една од препораките на Европа, тоа ни е условот за отпочнување на преговори за влез во Европа.

Од аспект на велта што сакаме да ја постигнеме со овој закон секако ќе се сложите дека имавме ние добар закон и досега но одредени решенија, во одредени решенија имаше голем број на правни празнини од кои што се продуцираа бројни нерегуларности. И затоа за да ги елиминираме овие правни празнини утврдени во практичната примена досега на овој закон, а и секако за да вградиме бројни стандарди но најважно од се да ги вградиме препораките на ОБСЕ и ОДИХР, пристапивме значи кон донесување на овој

законик и целта е многу голема која што сакаме да ја постигнеме со овој закон.

Тргнувајќи од важноста на овој законик, секако дека овој проект сите ние треба да го сметаме како заеднички наш национален проект затоа што е од исклучително државно значење. Предлагачот, Владата уште при стартот, при отпочнувањето на изготвувањето на работната верзија на овој закон постапи на транспарентен начин, отпочна со изготвување на работната верзија, со тоа што уште на почетокот вклучи експерти, членови на Државната изборна комисија, пратеници, невладин сектор, политички партии, тука особено да оддадам признание на невладината организација МОСТ огромна благодарност и постојаното присуство на претставникот на набљудувачката мисија ОБСЕ и ОДИХР, почитуваната госпоѓа Анџела која што постојано присуствуваше, ја следеше работата и даваше свој значаен придонес.

Почитувани колеги, како резултат на ова заедничко тимско работење ја имаме првата верзија на изборниот законик во кој што се вградени стандардите, во кој што се вградени препораките на ОБСЕ, во кој што се вградени, односно се отстранети одредени решенија непрецизни, односно прецизирани се одредени решенија, појаснети се, квалитетно се подобрени со цел да немаме извор барем од законикот при спроведувањето на изборите. Но, почитувани колеги секако имајќи ја во предвид политичката важност на законикот, а несакајќи Владата однапред да предложи решенија за одредени прашања за кои што е потребно политички договор. Видовте дека одредени решенија се дадени со повеќе бројни алтернативи и оваа отвора можност сите ние овде пратениците, јавноста да дебатираме околу алтернативите на тие решенија и да изнајдеме најсоодветно и најквалитетно решение. И пак сакам да кажам дека секако нема некој изборен модел кој што може да се преземе од некоја држава и тука да се преслика во нашата држава и нема идеален изборен законик. Затоа што за да се спроведат фер и демократски избори не е потребна само добра правна рамка, добра регулатива, секако дека е потребна и многу посилна и појака политичка волја на сите играчи во изборниот процес.

Почитувани колеги, сега јас сакам малку да се вратам поконкретно на содржината на законот. Имавме богата дебата и тоа го заслужува овој закон. Имавме бројни предлози, бројни сугестии, дел од нив навистина се коректни заслужуваат внимание и се надевам дека предлагачот ќе размисли и ќе ги вгради во втората фаза, но дел секако дека и не заслужуваат многу да се коментира. Бидејќи голема е содржината на законикот, би се задржала само на оние решенија кои што предизвикаа поголеми дискусии како во работата на собраниските комисии, овде на пленарната седница и во јавноста.

Прво ќе почнам со изборниот модел. Се поставува прашање мнозински, или пропорционален изборен модел. Во досегашниот не така долг парламентарен живот на Република Македонија почнувајќи од 1990 година скоро да сме ги поминале сите изборни модели. 1990 година до 1998 мнозински, 1998 комбиниран каде што 85 пратеници се бираа по мнозинскиот модел, 35 по пропорционалниот модел за да во 2002 година го прифатиме како најсоодветен и најадекватен на условите кои што владеат во државата пропорционалниот модел. Ова значи дека за овие 12 години, пак ќе повторам, краток период од парламентарното живеење сме ги поминале сите изборни модели. Веднаш на почетокот сакам да го изразам ставот на СДСМ. СДСМ го поддржува пропорционалниот изборен модел. Причини зошто го подржуваме овој модел. Прво, затоа што обезбедува процентот на освоените пратенички места во Парламентот да биде соодветен, или приближно ист на процентот на добиените гласови за сите политички партии. На ваков начин се постигнува висока политичка еднаквост на вреднувањето на секој глас од гласачот кој што излегол на гласање, односно не се јавуваат неискористени гласови. Значи, секој даден глас во изборниот процес е еднакво важен и еднакво придонесува за освојување на пратеничко место.

Она што е посебно важно заради амбиентот кој што го имаме, овој модел дава подеднакви шанси на сите политички партии и на помалите политички партии. Вие гледате дека во овој Парламент ние имаме претставници и на помали политички партии и на поголеми политички партии и овој модел пропорционалниот го поттикнува спогодбеното интегрирање и компромисот помеѓу политичките елити и покажува разбирање и сензибилитет за сите промени кои што се случуваат во државата.

Како аргумент плус во корист на овој модел, на пропорционалниот, ќе истакнам дека поголем број од Европските држави го имаат прифатено пропорционалниот модел со повеќе варијанти и секако дека ова ни дава за право дека овој модел, пропорционален е најсоодветен и одговара на сегашнаа социо-политичка положба во која се наоѓа нашата држава, а секако и на културното и социјалното милије кое го имаме во моментот во државата.

И уште нешто би сакала како аргумент, во прилог на ова да додадам а тоа е дека овој пропорционалниот модел е многу по економичен, затоа што изборите се завршуваат во еденкруг и секако она што е најважно за нас, немаме втор круг кој е извор на голем број нерегуларности, барем тоа досега го покажало практиката.

Она што уште повеќе би сакала да го нагласам е дека, ако видите за секои избори во нашата држава се посегнувало кон промена на изборниот закон. Тоа е една порака пред Меѓународната заедница дека ние не сме сериозни, дека ние не сакаме да градиме ситем на однесување, туку

дека ги менуваме правилата така како што во одреден момент ни одговараат.

И уште нешто. За да се видат недостатоците на еден изборен модел, теоријата покажала дека е потребно барем да се спроведат три до четири изборни циклуси за да може да се види дали тој изборен модел одговара на амбиентот во државата или не. Но, почитувани колеги, за разлика од тоа дека за пропорционалниот изборен модел немаме многу пракса, за мнозинскиот изборен модел, Република Македонија има доволно пракса и ги знае сите недостатоци кои ги продуцира овој изборен модел. Ние од 1990 до 1998 година имавме мнозински изборен модел, а изборите за претседател на државата и за градоначалници се спроведуваат по мнозинскиот изборен модел. Сите знаеме и препораките и извештаите на набљудувачките мисии, произлегуваат односно се однесуваат точно на овие избори. Да не се потсетувам пак на она што значеше избори 1999, 2000 година, сите ги знаеме и знаеме дека мнозинскиот изборен модел, со втор круг на гласање, значи огомен број на нерегуларности затоа што тоа е тајмингот кога сите сили се насочуваат и по секоја цена сакаат да ја добијат власта, без исклучок зоборувам за сите играчи на политичкиот терен. И како аргумент во прилог дека не т реба да го менуваме изборниот ммодел, уште би кажала, ако сите се согласивме дека најважен настан во 2006 година ќе ни бидат парламентарните избори. Дали очекувате ние дека ќе можеме до уставниот рок до кој треба да ги одржиме парламентарните избори, ќе можеме да донесеме нов законик, со нов изборен модел и ќе имаме време да ги прекројуваме новите изборни единици и дали одново нема да отвориме некои нови прашања некои нови пандорини кутии. Толку околу изборниот момдел.

Второто не помалку важно прашање по кое се пренесува бројни по инакви мислења и погледи е решението односно мислењето за составот и изборот односно начинот на изборните органи. Што се однесува до прашањето за претседателот на ДИК, ние очекуваме дека после лидерската средба дека ќе имаме едно решение, на предлог на опозицијата, кое решение јас мислам дека треба сериозно да се доработи за да не се предизвика застој во изборниот процес. Тука би додала, доколу се прифати ова решение да биде конечно, секако во интерес на демократијата, при именувањето на претседател на ДИК, да се подразмисли дали не е добро до органот кој ќе биде надлежен да номинира претседател на ДИК, да се доставуваат барем два предлози.

Овде отпаѓа констатацијата дека ние пратениците или другите субјекти на политичкиот терен сме незначајни во креирањето на законите и дека се рифаќале несуштински мали забелешки. Прифаќање на една ваква забелешка мислам дека не е ниту мала, ниту не суштинска и ова е уште една потврда деак навистина Влаата сака заеднички, со консензус да се донесе овој изборен законик,

Околу составот на членовите на ДИК, а тука секакко и на регионалната и на општинската, многу ќе зависи од решението кое ќе го избереме, односно дали судиите и понатаму ќе останат во игра, во изборниот процес. Тука почитувани колеги јас ќе си бидам доследен на ставот од почеток што го изнесов дека ОБСЕ никаде не дал препорака дека судиите треба да се тргнат од изборнио тпроцес, туку вели "Политичките партии не треба да имаат никаква функција при номинирањето и назначувањето на изборните органи, бидејќи изборот на судии од страна на политичките партии ја поткопува независноста на судството.

Почитувани колеги, новите решенија со уставните амандмани што ги дадовме во поглед на изборот и разрешување на судиите, а особено пак решенијата ека тие ќе се избираат по пат на ждрепка, ја отстранува можноста од сомнеж за политичко влијание при изборот на судиите во овие изборни органи. Но сепак сметам дека ова е политичко прашање и секако дека ќе се најде на соодветно решение.

Од одредени дискусии констатирав дека не се прави разлика помеѓу професионализација и деполитизација на изборните органи. Да, деполитизација на изборните органи е неопходна. Но, професионализација на изборните органи, незнам дали има можност да ги професионализираме и членовите на избирачките одбори. Се поставува прашање колкав е нивниот обем на работа и од каде средства за професионално да ја вршат оваа работа. Но, секако сум за тоа да се размисли за професионализација на ДИК.

Исто така сум за деполитизација на составот на избирачките одбори, бидејќи сите ние, ни помалку ни повеќе сме биле учесници барем на еден изборен процес ако не повеќе и свесни сме, така сме дошле барем до овие клупи, свесни сме дека место кое е извор на нерегуларностите е избирачкиот одбор. Затоа треба да се врши деполитизација на избирачките одбори.

Но, почитувани колеги, јас многу сум изненадена и да ви кажам искрено, поразена од дел од дискутантите кои овде во Собраниската сала изразија целосна недоверба кон државната и јавната администрација, постојано кажувајќи дека државната и јавната администрација во целост ни е партизирана. Јас почитувани колеги само ќе тргнам од мој практичен пример. Не одам подалеку затоа што сето тоа ќе биде импровизација.

Во Собранието, јас и сите вие работиме со стружни служби. Овие стручни служби не се формирани од сега или од претходната власт, или од нас. Овие стручни служби, ајде да го земеме периодот од повеќе партизмот, од 1990 година па наваму ги извршува своите работи, без разлика која политичка опција е на власт. Од 1990 година до денес се менувале разни состави, разни

политички опции и овие луѓе се тие, истите и никогаш не работеле за одредена политичка опција, туку работеле за доброто на Република Македонија, работеле да се гради амбиентот, да се гради правниот поредок во Република Македонија.

Јас почитувани колеги чувствувам дека овие луѓе во државната и јавната администрација вака работат, се надевам дека тоа го чувствувате и сите вие и дури сите оние мои претходници на оваа работа која сега ја работам, без разлика на која политичка опција и припаѓа. Почитувани колеги ако и после сето ова, верувам дека тоа е искажано заради ваши политички интереси, но ако сето ова вака, навистина, како што го изразувате во дебатата, го чувствувате, јас мислам дека многу грешите, повредувате околу 90 илјади луѓе, припадници на државната и јавната администрација, а што е уште потешко, ги повредувате луѓето кои секој ден се околу вас, и кои работат не за вас, не за мене, туку за доброто на оваа држава.

Почитувани колеги јас, ја следам целата дискусија. Јас сум за конструктивни дискусии. Но, ако се вратиме малку наназад, почнавме да имаме недоверба во судството велејќи судството е корумпирано, судството е партизирано, па продолживме со претседател, па не веруваме во Влада, па сега не веруваме во јавна и државна администрација. Како ќе градиме, почитувани колеги институции во државата. Дали вака ќе стигнеме, со девалвирање на нашите институции, со она што упорно го градиме, дали ќе стигнеме во Европа таму каде многу ни го бараат, услов е да се јакнат институциите на власта.

По однос на едно друго прашање за кое имаме различни погледи, да не речам несогласување, е прашањето околу избирачките списоци. Факт е, почитувани колеги, дека никогаш, ама баш нинкогаш нема да имаме ажурирани избирачки списоци, затоа што оваа материја е променлива, некој имура, некој се стекнува со право да гласа. Постојано се укажува, меѓутоа, пак од политички побуди не сака да се прифати, иако се знае, не сака да се прифати, иако се знае дека ажурирањето на избирачките списоци се врши врз основа на податоците кои ги има МВР, а не врз пописните резултати. Од тука знаејќи дека секогаш има разлика меѓу овие две величини, тоа се користи за политички маркетинг и секогаш е еден алиби повеќе за да се правда неуспехот при изборите. Доколку не веруваме, почитувани колеги, барем, сите ние знаеме дека во изборниот законик и сега и во претходната регулатива имаше посебна глава каде е предвидено увид во избирачките списоци и начин на постапување за отстранување на неправилностите во избирачкиот список.

Во однос на прашањето за гласање на нашите сонародници во дијаспората, мислам дека според мене тоа е недопустливо да се дозволи, а ќе го аргументирам со следните причини.

Почитувани колеги, на нашите сонародници во дијаспората и сега не им е недозволено да гласаат. Тие можат и сега да гласаат, но зависи колку се тие заинтересирани да бидат гласачи и да учествуваат во кредирањето на политичкиот амбиент на државата. Но, она што уште повеќе е важно за мене, доколку се дозволи нашите сонародници во дијаспората да гласаат во дипломатско конзуларните претставништва, се поставува прашање дали не ги доведуваме нашите сонародници во странство во нееднаква положба, а ко се наоѓаат во држави каде нема ДКП. Со оглед на  изборниот модел кој сега го имаме во која изборна единица, каде ќе им бидат пресметувани нивните гласови, посебно пак да не навлегувам во тоа дали исполнуваат други обврски кои произлегуваат од правото да се гласа.

По однос на прашањето за заштита на избирачкото право, можеби ќе се прифати но сакам да го искажам мојот став, предлогот на ВМРО ДПМНЕ дека и така евидентираните, тоа е на членовите кои се однесуваат на заштикта на избирачкото право. Значи и така евидентираните забелешки може да се истакнуваат во приговорите и да бидат предмет на оценка на жалбена постапка. Овие зборови бараат да се бришат и според она што можам да заклучам, сакаат решение во кое до бескрај може за се и сешто да се приговара на изборниот процес. Јас сакам да кажам дека и во претходните изборни закони, сега уште повеќе имаат можност сите набљудувачи да ставаат забелешки за недоследностите или нерегуларностите забележани во текот на гласањето и секако доколку од одредени причини не им било дозволено да ги ставаат забелешките, или можеби не можеле, дадена е  можност во рок од пет часа, до општинската изборна комисија да ги достават забелешките за евентуални нерегуларности. Почитувани колеги, кој период уште да се даде за нешто што се случило во текот на гласањето, да се забележи и да се евидентира, освен да измислуваме нешто со што можеме да го оспоруваме, да го одолговлекуваме и да го забавуваме изборниот процес.

По однос на новиот институт Рикаунт. Јас не знам со воведување на ваков нов институт, прво треба целосна разработка, ова е нов институт за нас и незнам колку ќе можеме целосно да го регулираме. Но, дали не сметате дека тоа повторно е едно мало алиби за неуспех, една можност да се создаде нов извор на продуцирање на нерегуларности. Се поставува праашање кој ќе пребројува, до кога ќе се пребројува, колку ќе се одолговлекува овој процес, дали на крајот нема да се пролонгира отпочнувањето на работа на институциите на системот.

Почитувани колеги, имам и други забелешки, меѓутоа, имав можност  да си ги искажам моите забелешки и во работната група и на Законодавно-правната комисија, но сакав да ги истакнам оние кои што повеќе предизвикуваат

внимание. Моите ставови за оние решенија кои што повеќе предизвикуваат внимание во јавноста. Или барем имаме поразлични погледи и мислења.

Она што на крајот сакам да го кажам почитувани колеги. Ако одовде од оваа сала или при донесувањето на, кога ќе го донесеме изборниот законик. Ако излеземе со мислењето дека само власта е одговорна за фер и демократски избори, мислам дека тоа е барање алиби за неуспех во изборниот процес. За фер и демократски избори сме одговорни сите. Власта повеќе, но сите заедно. Одговорност е на власта да предложи,и ние да донесеме законик кој што ќе нема правни празнини, кои што ќе продуцираат нерегуларности во изборниот процес. Одговорност е на власта и начин на однесување, манир на однесување и демократичност да преговара и да бара консензус околу одредени решенија, што и го прави во моментот. Одговорноста е на власта можеби и да функционираат институциите на власт на денот на изборите и после тоа. Но секако, дека е одговорност на сите субјекти во изборниот процес како ќе се однесуваат нивните, да кажам нивниот дел на електоратот или нивните политички приврзаници.

Почитувани колеги, јас мислам дека кон овој процес, односно кон овие избори, треба да се однесуваме како кон некој свет ритуал. Зошто? Можеби поминале некои избори со вакви и такви нерегуларности. Овие избори не треба на овие избори, не треба да дозволиме сите, ама баш сите, не само политичките субјекти, туку и граѓаните, не треба да дозволиме да се стави ни најмала црна дамка. Затоа што од овие избори не губи и не добива ни една политичка партија, туку губи и добива Република Македонија.

И почитувани колеги, јас мислам дека, ако во наредниот период, доколку се случи некој иден состав да менува изборен законик, јас ќе бидам многу задоволна ако следам дека за тој изборен законик разговараат како за технички процеси, односно за технички правила, а не за политички правила, за добивање на избори. Е, тогаш ќе кажеме дека Република Македонија е демократска држава. Ви благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Иванова.

Госпоѓо Лалчевска, за реплика?

Господин Китаноски за реплика?

Госпоѓа Бонева, и вие за реплика.

Има збор пратеникот Лалчевска Ристана.

Три минути реплика.

Повелете госпоѓо Лалчевска.

**Ристана Лалчевска:** Благодарам потпретседателе,

Со внимание ја ислушав колешката Иванова во нејзиното излагање околу изборниот законик, со некои решенија и јас се согласувам, со некои дилеми и јас имам некои дилеми кои ги има колешката.

Меѓутоа, би сакала нешто да искоментирам околу нејзиниот став за избирачките одбори и решението кое за нејзе очигледно е прифатливо, државната администрација да биди дел од избирачките одбори.

Колешката кажа дека е поразена од ставот кој бил изнесен дека државната администрација е политизирана. Јас незнам зошто така колешката мисли, јас би го поинаку дефинирала, тоа е страв од политички притисок врз државната администрација. Јас силно верувам и сум убедена дека државната администрација е професионална и одлично би си работела, доколку ние политичарите ја оставиме настрана. Да престаниме да вршиме политички притисоци врз неа.

Колешке, медаљата има навистина и таа црна страна. Јас би се вратила station наназад 15 години и би прокоментирала некои работи и состојби кои се случувале во државната администрација од типот како се вработуваше во државната администрација, како се напредуваше во државната администрација, како одредени квалитетни луѓе ги губеа работните места затоа што не беа "пожелни" и како се отпушташе од државната администрација. Ако ова добро го изанализирате низ 15 години независна Македонија, тогаш сигурно, а притоа да го имате фактот кој најдолго беше власт во Македонија во тие 15 години и навистина многу реално и многу јасно ќе добиете чиј е учинокот најголем во вршење на политички притисок на администрацијата. Притоа, не изразувам ни тронка сомнеж дека државната администрација може да биде многу професионална, ако ние политичарите ја оставиме да си ја работи работата за која по закон е предвидена. Меѓутоа, очигледно ние не сакаме тоа да го сториме и стравот кај државнаа администрација и попусливоста од силни политички притисоци е се уште силно изразен. И затоа мислам дека не е време да се вклучиме во избирачките одбори кои се најполитички процес во државата. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Една минута контра реплика пратеникот Иванова Цветанка.

Повелете госпоѓо Иванова.

**Цветанка Иванова:** Ви благодарам господине потпретседателе,

Е, сега ако е ова коментар госпоѓа Лалчевска, тогаш нема што да одговарам на репликата, но сепак на еден дел.

Јас не знам како се вработувала, како напредувала и како тоа сето се прави во државната администрација. Можеби во вашата власт, или во некоја друга власт, но сега знам дека, еве, неколку месеци пред истекот на нашиот мандат почитувана колешке, јас можам да ви наведам барем десет места во државната администрација каде се уште не е трансферирана власта, односно можам да ви наведам барем десет места од моето место од каде што доаѓам,

каде што се уште на првите позиции се наоѓаат луѓе поставени или вработени од претходната власт. Е, ова е демократија.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Три минути реплика господинот Китаноски Илија.

Повелете господине Китаноски.

**Илија Китаноски:** Благодарам. Мојата реплика се однесува на три сегмента за излагањето на колешката.

Прво, околу избирачкото право и констатацијата нејзина дека незнаење, односно прашање е дали нашите сонародници во странство се заинтересирани да го искористат своето право, односно да гласаат. Мислам дека не сте ги прашале, јас ви тврдам дека сакаат, а ако мене не ми верувате прашајте ги, има начин тоа да се стори и ќе го добиете одговорот. Значи, не држи воопшто ако е ова едно од образложенијата зошто не се прифаќа предлогот на ВМРО-ДПМНЕ да се врши гласање во дипломатско-конзуларните претставништва, а таму кај што се најмногу сконцентрирани нашите иселеници, или каде што најмногу се присутни на привремена работа во странство имаме дипломатко-конзуларни претставништва и навистина не е добро да им импутираме дека не се заинтересирани да го искористат кога се живо заинтересирани, тоа ви тврдам.

Второ, околу државната и јавната администрација, навистина е политичка импутација сега дека 90.000 граѓани вработени во државната администрација, вие не им верувате и така натаму, и така натаму. Ние сакаме да ги заштитиме и нив од вашиот притисок, бидејќи вие во овој момент сте владеачка партија, затоа што на нив ќе вршите притисок, како на граѓани и како на гласачи, а камо ли како членови на избирачки одбори. Тоа многу добро го знаеме и вие и ние, така што кажав во претходното излагање. Треба малку поискрено да зборуваме, а очигледно за оваа тема не се сака да се зборува искрено. Значи, на државната администрација се врши веќе страшен притисок како на граѓани за кого ќе гласаат, а уште ако ги ставиме тие да го водат целиот избирачки процес во избирачките одбори, можете да замислите во каква ситуација ќе се најдат тие, кога ќе бидат притиснати од нивните претпоставени раководители на работното место, а ќе бидат притиснати и до сега биле притискани.

И трето, еден технички проблем. Во некои општини нема доволно администрација, ниту јавна, ниту државна за да се покријат избирачките места. Еден пример.

Во општина Другово има 45 избирачки места, 5 членови, тоа се 225. Државна администрација има некаде околу десетина, и јавна околу дваесетина. Ќе ги увезуваме од други општини? Ќе плаќаме дополнителни трошоци за нив? Да спијат, да доаѓаат, едноставно тоа ќе биде рецептот? Значи во најголем дел од државните општини нема доволно ни технички капацитет за да се пополнат избирачките одбори со членови од државната и јавната администрација. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Китаноски.

Една минута контра реплика за госпоѓата Иванова Цветанка.

Повелете госпоѓо Иванова.

**Цветанка Иванова:** Почитуван колега Китаноски,

По се изгледа вие неубаво сте ме слушале, јас не кажав дека не се заинтересирани нашите во дијаспората за гласање, туку дали се заинтересирани и сега го имаат тоа право и ако се заинтересирани можат да учествуваат во креирањето на политичкиот амбиент во државата. Тоа го кажав. И навистина и понатаму тврдам дека имаме ние по сите држави во светот наши сонародници и немаме дипломатско-конзуларни претставништва и ќе бидат доведени во нееднаква положба. А, по однос на јавната администрација, политизација.

Почитуван колега Китаноски, јас знам, еве, овде пак ќе тргнам од мојот пример. Луѓе кои што се вработени во некоја власт. Дали некој ви се пожалил дека вршиме политички притисок врз нивната работа. Само еден наведете ми. Дали ви е познато да некогаш од некој од нас кој што сме на позиција вршел политички притисок на тие луѓе.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Иванова.

Три минути реплика за госпоѓа Бонева Силвана.

Повелете госпоѓо Бонева.

**Силвана Бонева:** Благодарам почитуван потпретседателе,

Најпрвин почитувана колешке сакам да укажам на тоа дека не треба да се испревртува кажаното од страна на опозицијата. Од неколку пратеници од вашата политичка партија и вие самите кажавте дека само власта ние сме велеле дека е одговорна за фер и демократски избори. Тоа е навистина испревртување на кажаното или некажување на навистини поточно кажано. Ние постојано велиме, еве, овде се неколку стенограми пред мене по однос на оваа проблематика кај што изрично кажувам дека најголемиот дел од одговорноста за фер и демократски избори ја има власта. И тоа треба да го сватите дека е така. Бидејќи опозицијата не е во позиција да фалсификува избори, тоа го прави постојано власта.

Во однос на гласањето на нашите со државјанство кои имаат македонско државјанство, но кои живеат во странство и дилемите кои што си ги поставувате во однос на тоа во кое дипломатско-конзуларно претставништво ќе гласаат, за која изборна единица. Препрочитајте си ги предлозите на ВМРО-ДПМНЕ кои што ги доставивме до овој Парламент уште пред една година, за сите закони од областа на изборното законодавство, каде што конкретно дадовме решенија согласно со меѓународната пракса, како

треба да гласаат нашита кои што живеат во моментот, или се наоѓаат на работа во странство.

Во однос на рикаунтот или дополнителното пребројување, тоа не е причина за нерегуларности повеќе, туку токму тоа, да се утврдат нерегуларностите со пребројување на гласачките ливчиња на спорните гласачки места. И тоа е пракса во многу земји во светот и незнам зошто не би било пракса и во Република Македонија.

А, во однос на нашиот став за државната администрација, во овој момент најдобро е за Република Македонија, а пред се за самата државна администрација да ја поштедиме од огромниот број на притисоци кои што и во моментов и се прават, а камоли на денот на гласањето за на кој начин треба да се изјаснат.Ако пак им се остави и задача тие да бидат тие кои што ќе го водат изборниот процес најпрвин, најтешко ќе им биде на тие луѓе. А, да не зборуваме колку па тие ќе можат непристрасно да одлучуваат, само од тие причини бидејќи тоа се утврди како најголем недостаток од 1990 и 1994 година се воведе контролата помеѓу политичките партии со присуство на претставници од политичките партии.

И, јас ќе ви кажам само еден пример. Вчера, кај мене бараше прием, долго време работник во Министерството за образование кој што не сакал да потпише еден документ и заради тоа е суспендиран шест месеци од работа.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Бонева.

Една минута контра реплика пратеникот Иванова Цветанка.

Повелете госпоѓо Иванова.

**Цветанка Иванова:** Колешке Бонева, и јас ги имам стенограмите и ништо, мислам дека не сум испревртела, меѓутоа, еве давате признание дека навистина и опозицијата или сите политички фактори сносат одговорност, тогаш немаме разлики во мислењата. Значи, власта и сите политички играчи во процесот сносат одговорност за фер и демократски избори. Ако мислиме така, значи немаме разлика.

По однос на прашањето дека власта има можност да фалсификува избори, но опозицијата има можност да прави нерегуларности на изборите и да го одолговлекува изборниот процес.

По однос на јавната администрација од која ќе се составуваат избирачките одбори и притисокот, почитувана колешке јас не зборам за негде и некаде некој вработен во Министерство. Еве, овде повторно ви повторувам, јас знам луѓе кои што се вработени од претходната власт, но ниту еден не се пож алил.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Има збор пратеникот Витановски Јанаќе, ќе си докажете после.

**Јанаќе Витановски:** Почитуван потпреседателе, почитуван заменик министре, почитувани колеги пратеници,

Мислам дека стварно треба да ја смениме реториката и треба да се, барем во овој Парламент, да зборуваме за она што е, да дискутираме. Вака загревање на атмосферата, уште не почната кампањата, незнам кога и како ќе заврши ова кампања и изборите.

Но, да се вратам на ова за што земав збор. Мислам дека е тешко да се зборува после три дена дебата по овој законик и дека имаше голема расправа на комисиите и овде во Парламентот и затоа мислам дека ќе го кажам сепак она што го мислам и да придонесам да направиме поквалитетен изборен законик, кој ќе биде основа за спроведување на сите видови избори во Република Македонија и кој се надевам ќе бидат фер, регуларни и демократски избори.

Но, сметам дека не е доволно овде во Парламентот да донесеме квалитетен изборен законик, туку е потребно и политичка свест, изборна култура кај сите политички партии, и позицијата и опозицијата. Потребна е волја на политичките партии за спроведување на фер и демократски избори. Тоа им го должиме на граѓаните на Република Македонија и овие избори, според мене, не се за политичките партии, овие избори се за граѓаните на Република Македонија и за трасирање на патот на Република Македонија кон Европската унија за одредување на датумот и за отпочнување на преговорите на Република Македонија за членство во Европската унија. Затоа се значајни и битни овие избори и треба да се надминеме самите себе и да ги ставиме државните интереси над партиските интереси. Ако спроведеме недемократски избори, тогаш губат граѓаните. Но ако спроведеме избори, спротивни на изборниот законик, тогаш нема победник, тогаш сите губиме. Затоа треба да донесеме квалитетен закон и да се почитува од сите, а не да се добијат избори по секоја цена. Тогаш нема демократија.

Ова што овде се случува овие денови и со ваква реторика, и она што го слушаме и гледаме преку медиумите со давање на изјави, сметам дека онаа политичка волја која што е најпотребна во овој момент, за спроведување на фер и демократски избори е се подалеку од нас. Законот си е закон, но главната работа, имаат уште партии и треба да работиме на волјата на политичките партии, и сите политички партии треба да сакаат, да имаат фер и демокртски избори. Она што го зборимe, тоа треба да го правиме. Она што го мислиме и тоа да го правиме. Тоа треба да го направиме, ако сакаме заеднички да го трасираме патот кон Европската унија. Ако се напаѓаме и ако правиме само дневно-политичка реклама на политичките партии нема да направиме многу.

Но, јас сега би се навратил, неколку збора ќе кажам, она за што сметам дека треба и овде, се

најголемите дилеми за, околу потребата од донесување на овој законик.

Сметам и мислам дека нема ниту кај еден колега пратеник дека нема потреба од овој закон, туку, напротив дека има потреба во донесување на еден ваков законик, кој што законик ќе ги содржи законите по кои што сега ги спроведуваме изборите.

Сметам дека добро е тоа што законот оди во две фази и дека сите добри забелешки ќе бидат прифатени. Но, лошо е тоа што еве и денеска веќе чувме кој ќе победи на овие парламентарни избори, веќе се прогласија победници и дека се создава една негативна атмосфера и се води негативна кампања. Мое лично мислење е дека лекцијата не ја научивме. Значи, тешко ќе одиме кон патот кон Европската Унија, бидејќи преку демократски избори се цени делото на државата и дали Европската Унија ќе ни ја отвори вратата или не. Заради тоа мислам дека сите треба да ја спуштиме топката и да работиме она што ни е работа, а тоа е во интерес на граѓаните. Овој Изборен законик во себе ги содржи оние 6 закони според кои досега ги спроведувавме изборите и тоа парламентарните избори, за локалните избори и закон за претседателски избори и тука е Законот за избирачки списоци итн. Добро е тоа што Владата има цврста определба за спроведување на фер и демократски избори со нулта толеранција кон било какви изборни нерегуларности. Мислам дека тоа е една од добрите работи за кои Владата се определила и тоа е она што ми дава волја не само на мене, туку на сите дека сме за тоа да донесеме добар закон и да спроведеме фер и демократски избори. Она за што најмногу овде се дискутираше тоа се неколку прашања. Јас ќе дадам свое мислење околу тоа, а тоа се моделот, изборните единици, органите околу кампањата. И ќе кажам нешто околу казнените одредби. Сметам дека околу моделот за кој што зборуваа политичките партии, односно колегите пратеници од политичките партии и овде и на комисиите можат да се видат два нови момента, дали за парламентарните избори ќе имаме една изборна единица, тоа го предлагаат помалите политички партии, или моделот да биде пропорционален за кој што зборуваа и моите колеги. Сметам дека не е добро и не е сериозна партија како ВМРО-ДПМНЕ таа го предложи овој модел пропорционалниот, а сега да предалга мнозински модел. Мислам дека не е во ред да се менуваат толку брзо ставовите на политичките партии. Или еднаш сме опозиција и ни одговара едно, друг пат сме позиција ни одговара друго.

Во законот се предлага за избор на претседател на Република Македонија една изборна единица и мнозински модел, за парламентарните избори во Изборниот законик се предлага пропорционалниот модел со 6 изборни единици во кои што ќе се избираат под 20 пратеници, или вкупно 120 пратеници. За избор на градоначалник во законот се предлага во секоја општина со мнозинскиот модел, а за избор на членови на Советот во секоја општина според пропорционалниот модел. Моето мислење во однос на изборот на пратеници да останат 6-те изборни единици и моделот да си е пропорционален. На тој начин ќе имаме претставници од сите делови на Република Македонија и тие претставници ќе ги бранат интересите од каде што доаѓаат, односно колку повеќе гласови, толку повеќе и пратеници.

Овој модел веќе го имавме, ни е испробан и сметам дека е квалитетен и дава добри резултати. И сега во овој момент не ни се потребни експерименти па да експериментираме да враќаме назад или една изборна единица, или да враќаме на мнозинскиот систем. Бидејќи сите сме сведоци и знаеме што се случуваше кога го имавме примерот со мнозинскиот модел, односно со пропорционалниот модел имаме еден круг на избори, кој е поефикасен и се трошат помалку средства за политичките партии. Додека сите неправилности се случуваат во вториот изборен круг. Имаме и моменти и знаеме како се одвиваа изборите во вториот изборен круг според мнозинскиот модел. Заради тоа сметам дека не треба да го менуваме толку брзо овој модел и треба во однос на парламентарните избори да се оди со 6 изборни единици и да се оди со пропорционалниот модел. Мислам дека ова им одговара на сите, а она што го предлага ВМРО-ДПМНЕ е само еден мал блеф.

Во однос на органите за спроведување на изборите, сметам дека најголемата дилема беше околу тоа, околу овие органи и околу нивното предлагање кој ќе ги предлага и кој ќе ги избира и тоа пред се за ДИК, општинските изборни комисии, и избирачките одбори. Според мене најважен орган од сите овие се избирачките одбори. Сметам дека за мене не е толку битно кој ќе ги предлага членовите, но битно е дали позицијата и опозицијата ќе ги почитуваат органите за спроведување на изборите и ќе ги почитуваат нивните одлуки.

Второ, битно прашање е дали органите ќе гарантираат и ќе работат професионално и објективно, а не да работат по партиска директива. Ако ова го направиме, мислам дека ќе имаме фер и демократски избори, односно да се обрне внимание на професионалното и објективното работење на избирачките органи, односно органите за спроведување на изборите.

Во однос на ДИК и најголемата расправа се води околу тоа кој ќе биде претседател на ДИК. Сметам дека сега веќе имаме и нашите лидери се договараат и имаат предлог од страна на опозицијата претседателот на ДИК да биде предложен од опозицијата. Па ве прашувам, нели е тоа мешање на политичките партии во предлагањето на овие избирачки одбори во органите за спроведување на изборите. Кој ќе го предлага претседателот на ДИК? Вашиот предлог е тоа да биде опозицијата. Иако ова веќе е договорено. Јас имав сосека друго

раазмислување, од причина што сметам дека сите препораки се политичките партии да бидат надвор од изборниот систем. А сега опозицијата предлага претседателот да го предлага опозицијата. Нели е тоа мешање на овие работи. И кој ќе биде тој што ќе го предлагаат како претседател на ДИК. А ова веќе е договорено. Мислам дека опозицијата треба да предлага повеќе кандидати, а не еден па ние овде во Парламентот да избереме од тие двајца, или тројца кој ќе биде претседател на ДИК. Сметам дека барем за мене е прифатливо она решение алтернативата што е дадена во законот, а тоа е претседателот на Република Македонија да го предлага претседателот на ДИК, а ние овде со 2/3 мнозинство да го избереме. Сега тоа е надминато, бидејќи е договорено. Сметам дека Владата и позицијата во овој момент и во овие расправи е крајно флексибилна и многу прифаќа предлози од опозицијата. Ова не било никогаш. Сметам дека Владата толку многу е флексибилна што од 12 предлози на опозицијата 9 ги прифати, а мислам дека единствена цел е тоа што сметам дека пред се и граѓаните на Република Македонија и со единствена цел да дојдеме до поквалитетно решение и општо прифатени решенија за сите членови во зкаонот за да се спроведат фер и демократски избори. Ако треба да бидеме ние тие кои што и ќе ги спроведуваме изборите како, да кажам партија на власт, тогаш сметам дека и опозицијата ако има уште дилеми во себе и веќе има време за договарање, ова е прва фаза, па нека се кажат сите забелешки по законот кои се тие и што е тоа што треба да го направиме и да го вметнеме во Изборниот законик, се она Владата да прифати и да launch речеме: да, ќе имаме фер и демократски избори. Но јас на Комисијата за политички систем прашав, ако се ви прифатиме, дали ќе имаме фер и демократски избори? Од опозицијата ни рекоа: не, нема да има. Тогаш зошто го правиме овој закон. Тогаш ова е само една мала мамка, да речеме еве опозицијата бара нешто во овој Изборен законик. Ако веќе се договараме дека треба да го правиме овој Изборен законик и ако ова е основно за фер и дмократски избори, ако веќе се седнува на таа маса и се разговара, тогаш дајте да ги отвориме до крај картите дали е во прашање Изборниот законик е добар, или не е добар, или волјата на политичките партии. Тука е другата голема разлика. Разликата е тоа ние да донесеме квалитетен закон, закон кој ќе ги отвори сите области. Еве како што спомнав Владата прифати од 12, 9 предлози. Ако има опозицијата уште предлози, кажете ги и тие да ги вметнеме во законот и да речеме добро е, во ред е, сега имаме закон и можеме да спроведеме фер и демократски избори. Јас сметам дека не е така таа работа. Јас сметам дека не е во прашање Изборниот законик, дека во прашање е волјата на политичките партии. И секој пат политичките партии се ставаат над граѓаните и над интересите на државата. Сметам дека овој пат тоа не треба да биде така и сметам дека овој пат треба политичките партии да се надминат самите себе и ние да се надминеме и да работиме во интерес на државата и во интерес на граѓаните. Ако размислуваме така, тогаш ќе го донесеме законикот, тоа не е проблем, сме носеле и други закони, но, мислам дека политичката волја е главната работа. Во законот имаме едукација и обука на членовите на избирачките одбори на општинската изборна комисија итн. Според мене треба едукација на членовите на политичките партии. Тука треба да е едукацијата што повеќе, а не на избирачките одбори. Законот го кршат политичките партии, не го кршат граѓаните. До колку има волја кај политичките партии можеме да се надеваме дека ќе имаме фер и демократски избори. Но, со ваква реторика и со она што веќе ние сме во прва фаза на законот, овде слушнавме од опозицијата дека веќе тие победиле, дека веќе тие се победници имаат и министри, имаат и Влада, тоа не води никаде. Тоа е една друга работа: "Гладна кокошка просо сонува". Мислам дека така не е добро и не треба да одиме на тој пат.

Во однос на ДИК, односно она што некои колеги потенцираа да бидат овде органите за спроведување на изборите да бидат професионални. Мое лично видување е дека не можеме да направиме професионализација на органите за спроведување на изборите од една единствена причина, тоа е огромен апарат, тоа е голем број на луѓе и тука не би можеле да направиме професионализација. Единствено може да се размислува за професионализација на ДИК. ДИК може да биде професионален орган, правно лице, но останатите општинските изборни комисии. Така што сметам дека само ДИК можно е да се размислува во втората фаза, да биде професионална. Останатите органи не би можело да бидат професионални органи.

Во однос на кампањата и водењето на кампањата, сметам дека кампањата треба да биде по кратка, односно она што е предложено 20 дена. Сметам дека Република Македонија не е голема држава, таа е мала држава и дека за 20 дена сите политички партии можат во 6-те региони, или во останатите да си ја вршат својата промоција на својата партија. И сум за тоа кампањата да трае пократко од 20 дена, и финансиски ќе бидат помалку пари, а и друга многу битна работа е како ќе се води кампањата. Јас сум за кампања, водење на позитивна кампања без напади на противниците, туку со своја програма за подобар живот на граѓаните. Сметам дека кампањата сега моментално веќе е одпочната, иако ние го носиме законот, а кампањите ги водат некои медиуми. И ако медиумите почнат вака да се однесуваат и понатаму тие ќе бидат најголемите кампањи ќе ги водат тие, а не она што е реално што се случува на теренот. Мислам дека го кршат законот, но за тоа треба да има и пориgorозни мерки за медиумите кои се во функција на потпароли на некои политички партии. Такви кампањи не ни се потребни барем во овој момент. Нас ни е потребна позитивна кампања, а не кампања како

што и водевме досега. Но, за жал ќе кажам, ние ја научивме лекцијата, го носиме законот, ние веќе влеговме во кампања и тоа кампања од која што мислам нема да има некои резултати.

Во однос на претседателите на општинските изборни комисии. Овде моето лично мислење е дека тоа треба да бидат судии, но да бидат избрани со ждрепка, а не по барање од политичките партии. Судиите избрани со ждрепка треба да бидат претседатели на општинските изборни комисии. Претседателите на избирачките одбори, моето лично видување е тоа да бидат дипломирани правници.

Што се однесува до членовите на избирачките одбори и тука е дилемата кои да бидат членови во избирачките одбори. Моето видување е тоа да бидат  од редот на државните службеници. Но, опозицијата е против тоа. Еве, ако е тоа сопката за не фер и не демократски избори нека биде по двајца членови да предлагаат опозицијата и позицијата во избирачктие одбори. Ако е тоа навистина прашањето дека само тоа кочи и дека не треба да бидат државните службеници во избирачките одбори, а да бидат по двајца членови од позиција и двајца од опозиција или некој си модел меѓу нив, нека биде и тоа, но ако е тоа за фер и демократски избори гаранцијата.

Друго, сметам дека за се она што е овде речено многу е битен денот на изборите. Главната работа е на денот на изборите, а за денот на изборите не е одговорна само опозицијата. За денот на изборите поодговорна е позицијата, ама опозицијата може да направи многу работи за да бидат фер, или не фер изборите. Одговорноста не е на позицијата, одговорноста е и на опозицијата и треба на тој ден да се организираат, или да направиме избори според она што ќе го донесеме во овој закон.

На крај, се надевам дека ќе донесеме квалитетен изборен законик кој ќе го почитуваат сите политички партии и дека ќе се надминеме самите себе си и ќе спроведеме фер и демократски избори и што е најбитно и најважно резултатите од изборите да ги почитуваме. А со тоа ќе направиме чекор напред кон Европската Унија а тоа им го должиме на граѓаните на Република Македонија, а тоа мораме да го направиме. Од тие причини сметам дека едно е изборниот законик да го донесеме како што мислиме и како што треба, а друго е да се изградиме самите себе и да имаме политичка волја за фер и демократски избори. Се надевам дека законот ќе го донесеме во втора фаза по мерка и на позицијата и на опозицијата, но сметам дека главната работа ќе биде волјата да се надминат политичките партии, да не ги гледаат политичките свои интереси, туку да ги гледаат интересите на државата. Само на тој начин ќе мможеме и ќе мораме да направиме фер и демократски избори.

**Слободан Најдовски:** Има збор пратеникот Хисни Шаќири.

**Хисни Шакири:** Господине потпретседателе, почитувани пратеници, почитуван заменик министер, и другите кои се присутни во оваа собраниска сала, техниката и службите кои ја следат оваа парламентарна седница која е во однос на Изборниот законик. Едно прашање кое е од големо значење и добро е што се отворија многу дилеми од сите претходни дискутанти и зошто да не кажам се споменаа прашања кои не потсетуваат на минатото и многу е оправдано и има основа. Следејќи го минатото можеме да направиме позитивни чекори во насока на надминувањето на сите аномалии и грешки кои и самите сме ги кажале , но што ни ги кажал и меѓународниот фактор околу изборите било локални, претседателски или парламентарни избори.

За ова прашање вистина е дека треба да бидеме ослободени од партиските интереси и да се потрудиме преку овој проект, преку оваа верзија која ја имаме во овој Парламент, поднесен од страна на Владата, да го изнесеме тоа што е поквалитетно и посуштинско и што ќе ни помогне во иднина да имаме, колку толку, послободни и подемократски избори. Тоа е и стремеж на сите нас. Сугестиите кои ни доаѓаат од меѓународниот фактор и зошто да не кажам апелот и пораките од разни трибини од Европската заедница, но и од меѓународниот фактор, се во насоки на тоа дека овие избори се од големо значење за Македонија, бидејќи се зависи како ќе завршат овие избори и понатаму како ќе тече постапката околу започнување на изборите за наше членство во Европската унија. Тоа е наш стремеж, на сите граѓани, а да кажам и со реформите и со преобразбата на целата власт, на сите институции, не чинеше многу скапо. Сето тоа беше на товар на сите граѓани. Но, немаме друг избор освен да чекориме по патот и еден ден да бидеме што поблиску во остварувањето на една цел која е од интерес на сите граѓани и во интерес на државата. Затоа ценам дека не треба да правиме грешки во овие избори да ни се повторат работи за кои имаме добиено одредени забелешки. Ќе ви кажам една работа. Некој мисли дека законикот е еден акт или основа која може да ни обезбени правични и демократски избори. Тоа е една грешка, бидејќи во Македонија никогаш изборите, било парламентарни, било локални, било претседателски избори без закон не се одржани. Значи, за време на сите избори сме имале закон, сме имале изборни органи кои раководеле со изборниот процес. Сега дали тие закони биле добри е едно прашање кое треба да го анализираме и да направиме една споредба со другите закони. Во тој правец се работеше доста и од страна на Владата и секогаш е презентирана работата на министерството кое го покрива тој ресор, што значи има работено и  има изготвено еден закон по сите европски стандарди.

Јас од оваа говорница ќе ви кажам, доколку чекаме овој законик да ги реши нашите проблеми и нашите судири кои можат да се јават, се јавиле и претходно, но може и сега да ни се појават, ние грешиме. Грешиме и не сме во состојба да знаеме каде е вината, Македонија да се третира како

една држава каде изборите не се одвивале на демократски начин. Тоа се прашања за кои треба да расправаме од општ интерес, а не од партиски интерес.

Слушнав извонредно добри дискусии од сите страни и истите можат да и послужат на Владата во последната фаза, во Предлог законот да имаме една верзија која произлегува не од партиски желби на одредени политички структури туку од желбата и волјата, значи општата волја на граѓаните за да им се овозможи денот на гласање да им биде еден празничен ден, да излезат слободно да гласаат без никаква опасност, без никакви закани, без употреба на насилство и да го искористат гласачкото право. Тоа можеме и ние да им го овозможиме, а не законот. Законот е една правна регулатива која ги става сите одредби, како треба да тече изборната постапка, но законот не може да му каже на гласачот на гласачкото место каде што се гласа, било во западна, било во источна Македонија дека тоа треба вака да се направи. Во оваа насока се спомнаа другиот сегмент, едукативната страна на структурите кои раководат со изборниот процес. Едукативната страна помага многу. Јас овој факт не го оспорувам. Треба да се направи таква едукација, можеби и со едно организирање од страна на стручњаци и тоа европски стручњаци, навистина да им дадат совети на една структура која не е во состојба да ја разбере тежината на гласањето, да знае што значи да ја добиеш одговорноста и да излезеш пред гласачите, било од избирачките одбори или од општинските комисии, регионалните или Државната изборна комисија. Едукативната страна треба да произлезе од партиите, бидејќи партиите биле фактор кои ги генерирале сите криви во однос на изборите, било локални, парламентарни или претседателски избори. Тоа бара една анализа.

Зошто тоа го прават партиите? Партиите тоа го прават на остварување на нивните програмски определби кои ги презентираат во текот на предизборната кампања и кога ја добиваат власта ги заборавaат сите овие работи и гледајќи дека власта е пријатна и слатка, освен дека се создава една кариера, некој успева да создаде политичка кариера за да го направи својот круг и да ги вработи своите пријатели, но некој ги полни џебовите со корупција и сака уште натаму да го продолжи тој мандат. Знае дека ја има изгубено довербата, нема ништо остварено во однос на граѓаните и да ги употребува овие методи на насилство на гласот, на злоупотреба на се што е институционално во однос на изборите и доаѓаме до тоа што не обвинуваат дека немаме правични, демократски и слободни избори. Има многу прашања кои отвараат дилеми, но ќе ви кажам, доколку не се вратиме на самите себеси, доколку политичките партии не земат сериозна одговорност, на еден начин да се произнесат, да се декларираат, пред се гласачкото тело пред тесното членство дека нема да бидат употребени елементи на злоупотреба на пренесување на негативни појави и прашања кои ги засегаат духовните чуства, морални и материјални на секој граѓанин. Тоа се прашања кои треба да излезат од партиските структури од партиските лидери и од тие кои ја прифаќаат кандидатурата за пратеник. Тоа е една вистина дека стожерот на сите тие лоши работи се парите. Неколку политички партии, да не зборувам со име и презиме, на денот на изборите, можеби и еден ден пред изборите инвестираат пари стекнати на криминален начин и инвестираат во една структура на луѓе кои имаат потреба, поради социјални проблеми што ги имаат, за да ги придобијат и да ги стават во служба на нивните интереси, а категоријата на луѓе кои се склони да прават проблеми, можеби од време на време и органите за внатрешни работи имаат проблеми со овие граѓани, тие ги имаат како сателити за да ги стават во функција на својата потреба и се прават манипулации и тешки прекршувања на изборниот процес. Се додека не се освестиме и не се одалечиме од овие појави, имено политичките партии, бидејќи ова е еден грев, едно тешко нарушување само од човечки и хуман аспект, имајќи ја предвид економската состојба, да го злоупотребиш тој граѓанин кој секој момент чека да ги реши своите проблеми. Каде се наоѓаме ние. Тоа е еден страмен акт, отворено ви го велам ова. Некому му се допаѓа или не му се допаѓа тоа што го говорам јас, тоа е еден страмен акт. Тоа искрено ви го велам.

Ако сакаме коректни избори треба прво да се ослободиме од самите себеси. Комисиите, од Државната до избирачкиот одбор што е од големо значење, тука се прават најголемите злоупотреби. Тука се полнат и тука се кршат кутиите. Тука манипулираат партиите. Тука се фрлаат големи пари. Овие работи треба да ги знаеме. Овие органи треба да ги деполитизираме. Ние како паритја тоа прашање го анализиравме. Тоа не мора да го направиме денес. Некој може ќе ни рече, вие немате право тоа да го направите. Ние сме имале избирачки одбори, партиски, два ги има дадено, како што се бара позицијата и два од опозицијата. Но во одредени места не се знае кој е позиција, а кој опозиција, бидејќи се договара целата постапка и целата изборна активност и луѓето се омаловажуваат на драстичен начин, се игнорираат на нечовечки начин и тие ја губат вољата да излезат на гласање и затоа не излегуваат на гласање. Често пати се соочуваме и со овој проблем. Значи, како едно барање од големо значење. Ние како паритија сме предвиделе изборните органи да бидат деполитизирани, почнувајќи од Државната изборна комисија па до избирачкиот одбор, бидејќи злоупотребите се прават токму во избирачкиот одбор. Во тој правец сакам да постигнеме едно единство, бидејќи тоа е во интерес на сите нас. Јас уште еднаш ќе ви кажм, овие избори ќе бидат еден тест за сите нас, во однос на демократијата, во однос на почетоците на преговорите на Европскат унија. Да не им дадеме причини на земјите од Европската унија овие работи да бидат клучна пречка за да не се

јавиме со наши барања пред Европската унија за прашања кои се од големо значење за оваа држава.

Второ, ние како паритја пред овој парламентарен состав и во сите други средини, покрај пропорционалниот систем, презентираме, цела Македонија да биде една изборна единица. Не да речеме дека ние бараме цела Македонија да биде во овој систем. Каде е причината кога говорам цела Македонија да биде една изборна единица и од економски и од финансиски аспект, го имаме предвид фактот дека автоматски сега комисиите кои се регионални, државни или општински ќе се укинат. Општинските комисии ќе постојат, и одборите.

Често пати сакаме да им помогнеме на етничките заедници. Ние не можеме да им помогнеме со игри и политички тактизирања, денес да го поминеме денот со одлагање на решавањето на проблмите и утре ќе го поминеме така. Постои една вистина. Ние треба да бидеме до крај транспарентни и отворени пред нашите граѓани, Македонија една изборна еднининица и тој граѓанин, тој турчин кој е во источна Македонија и тој што е во западна Македонија ќе има на денот на гласање да излезе и да го даде својот глас на партијата која тој ја сака. Законот тоа му го гарантира, имајќи предвид дека е една изборна единица. Исто така и тој албанец кој е во Прилеп и тој албанец кој живее во Велес и тој кој е во Тетово го има истото право. Исто и тој Македонец кој живее во Тетово и тој Македонец кој живаа во Струмица, ќе го имаат истото право. Ако појдеме од ова начело, мислам дека работите ни се јасни, и етничките заедници ќе имаат можност без цензус ќе имаат свои легитимни претставници во овој Парламент. Зошто тоа не го правиме? Зошто се двоумиме? Затоа во оваа насока, би побарал од сите партии и од опозициските и позициските, овде не треба да гледаме кој може да биде во мнозинство, но се обраќам до ДУИ како партија на власт, да го искористи правото или можноста со коалиционите партнер, да се размисли за Македонија за една изборна единица. Значи да се размислува во тој правец. Но ако не го постигне прагот, ние треба да размислиме и за прагот, кога велам треба да им овозможиме и на други етнички заедници да имаат свои претставници. Денес тоа го имаат, но колку го третираат како легитимно тоа население кое е излезено да гласа за нив. Јас не знам дека некаде им е овозможено. Во западна или источна Македонија, да не ја делам Македонија, но во Македонија едно целосно право, за 15 години, значи секој граѓанин од било која етничка заедница да има еден третман и исто право, уставно и законско, на денот на гласањето. Со овој законик, со шест единици го нема. Овде нема квалитет, партиите ги определуваат лицата кои сакаат. Или треба да бидеш партиски послушник или нема да бидеш на листа.

Ако бидеш послушен, ти кого браниш? Ова се прашања кои не се толерираат во демократските земји. Секој мисли и јас за да уште еднаш бидам пратеник треба да бидам лојален во однос на пратијата, а партијата ќе го диктира следното. Направи го ова, ти треба да го направиш, ова се прашања. Имаше една забелешка во оваа насока, но да не говорам во оваа насока, ние сме за систем на една изборна единица, пропорционален систем, предноста е во сите граѓани и на сите етнички заедници кои имаат можност да имаат свои претставници во ова Собрание. Одржлива е причината.

Второ прашање кое многу малку сме го расправале, а го има партијата за нови демократски сили на сите иселеници да им се овозможи да гласаат. Овој проблем е веќе 15 години и никогаш не е поставен и не се расправало која ќе биде формулата во рамките на изборниот законик и на нив да им се даде правото да гласаат имајќи го во предвид фактот дека тие кога доаѓаат на одмор со нивните семејства прават големи инвестиции во оваа држава. Треба да го имаме предвид овој факт. Ова е голем придонес, голем финансиски придонес кој доаѓа дирекно од нашите сонародници. Сега, кој ќе биде моделот добро е да се расправа во рамките на сите стрктури. Македонија има капацитет на стручњаци кои се во состојба и ова прашање да го постават и да изнајдат решение ова прашање да се надмине. Се говори во јули да имаме избори на 9 или 10, да не се лажеме, тие нема да дојдат, ова се измами. Тоа не стои, тие не доаѓаат до 20 јули. Некој оди на одмор или на друго место. Ова се прашања кои воопшто не нудат решение.

Сме го имале во предвид ова прашање, а другото прашање е зошто ги иницираме овие проблеми. Можеби не е време, треба да ги имаме во предвид постапките, ние сме за парламент од 100 пратеници. Зошто ова прашање не сме го отвориле до сега. Ниту еден од нас не го расправал ова прашање. Знам дека треба да се измени Уставот, но зошто овие работи претходно не ги размислуваме. Значи, ние како партија сме предвиделе и во нашите програмски определби имаме 100 пратеници. Ниту една партија до сега ги немала во предвид економските околности и социјалните проблеми и се што е во оваа држава од два милиони жители знаеме дека ова прашање Уставот не го толерира, таму има 120 до 140 пратеници, но ова прашање не сме го поставиле.

Можам да констатирам дека повеќе сме заинтересирани за партиите како да дојдеме до овој Парламент отколку судбината на граѓаните. Кога велам 100 пратеници има многу држави со поголем број на жители кои имаат 100 пратеници. Тие се со поразвиена економија, стопанство, па во оваа насока би заштеделе од финансиски аспект во однос на трошоците на овој Парламент. Колку трошоци има еден парламент? Штедиме од финансиски аспект. Во оваа економска криза, во оваа состојба кога невработеноста е голема ова е еден факт. Вториот факт парламент со 100 пратеници ќе биде многу поекспедитивен, порационален и ќе биде пофункционален. Овие

прашања треба да ги имаме во предвид. Никој го нема отворено ова прашање, ние седиме како да сме во некој друг свет, ние сме во Македонија.Треба да ги видиме околностите, ќе го направиме ова или она. Овие прашања треба да ги имаме во предвид. Не знам дали имаме време, јас реков ова иницира уставни измени. Ова го знам, ние направивме уставни измени пред извесно време за судската реформа. Се е нормално. Ова прашање никој не го дебатира, дали немаме подготвени стручњаци да го третираме и ова прашање, туку инсистираат да се зголеми бројот  на пратеници, но тоа бара трошоци.  Да го имаме предвид примерот од Албанија таму се оди на редукција и таму се говори ова прашање, бидејќи капацитетот и ресурсите било економски или финансиски не кореспондираат со тоа што ние во рамките на законот и на тоа што го велиме како износ или волумен на сите наши полтички постапки или институционални постапки. Ние сме во голем број во оваа насока и не знаеме до каде ќе одиме. Немаме можности ниту економски ниту финансиски да се носиме со овие проблеми.

Ова е второ прашање, бидејќи имаме изборен закон кој предвидува парламентарни, претседателски избори и локални избори. Бидејќи се работи за еден изборен закон, во рамките на овој закон никого не засегаат другите извори, само сме се концентрирале во однос на пратениците, а не на изборните органи.

Ќе се вратам кај претседтелот на државата. Да го разгледаме ова прашање, бидејќи беше барање од Либералната партија, значи претседателот на државата да се избира од Парламентот со гласови на пратениците. Некој ова го разбира како настојување или тенденција или како нешто ненормално во овие околности, бидејќи правиме нешто што е во спротивност со тоа што е интерес на државата. Ќе ви кажам не.

За да имаме што помал број на избори ќе имаме поголема стабилност, во спротивно и економска стабилност. Во чест на овие две прашања ова треба да го имаме во предвид, ова бара уставна измена. Но, ова треба да го направиме, не треба да се двоумиме. Не треба да се двоумиме за да влеземе во овие измени кои се во функција на стабилност и на економската и на политичката. Јас сум убеден, со неколку анализи во рамките на партијата сме дошле до констатација дека овие две прашања треба еден ден да се иницираат дека Македонија има потреба од редукција, има потреба од една што попрагматична политика, има потреба за функционални закони, а не за еден административен товар, за еден товар кој во себе опфаќа бирократија, како да го именувам, тешко е да го сноси овој човечки капацитет и факторот човек во Македонија и економскиот фактор. И покрај тоа има многу прашања кои треа да се кажат, бидејќи законикот е во прва фаза, имам впечаток и убеден сум дека  овие нема да се бават со доза дека ова го вели Хисни Шаќири, бидејќи на крајот Хисни Шаќири е граѓанин и било кој што ќе ги каже овие забелешки дали ги кажува Хисни или некој друг сите сме граѓани на оваа држава, а во рамките на желбите и волјата на граѓаните сме претставници и сме мост за поврзување на граѓаните со институциите.

Имам желба изборите да бидат што повеќе во функција на тоа што се нарекува демократија, што повеќе во функција на тоа што е интерес на граѓаните и да ни биде јасно кога воведуваме неколку критериуми на сами себе, длабоко сум убеден дека секој закон ќе биде добар, ќе кажам уште еднаш дека не е пречка во законот, туку во политичките субјекти, во структурата на политичките партии, дека немаме капацитет и интелектуална и стручна сила и моќ да излеземе пред избирачите да ги мобилизираме да излезат на гласање и да презентираме конкретна програма која има основа и извор до проблемите на сите граѓани. Ние излегуваме со разно разни манипулации и изјави и после датумот на изборот немаме покритие, не можеме ништо да оствариме затоа доаѓа до злоупотреба на гласовите, доаѓа до купување на гласовите со пари   и разно разни криминални дејанија кои се во функција на нарушување на изборниот систем и процес.

Ви благодарам, ви одзедов малку повеќе време, но сакав да имам еден пристап за кој мислам, јас доаѓам од терен и средина, познавам доста проблеми во оваа насока. Ви благодарам.

**Слободан Најдовски:** Ви благодарам господине Шаќири.

Господине Алити повелете имате реплика од три минути.

**Рафис Алити:** Благодарам господине потпретседател, откако господинот Хисни Шаќири го повика ДУИ не сакам да се стекне впечаток дека ние како партија сме против тоа Македонија да биде една изборна едница, напротив, оваа идеја ја поддржуваме, меѓутоа, ја поддржуваме со тоа што мислиме дека Македонија, доколку донесеме закон Македонија да има една изборна единица, тогаш е задолжително да има праг или цензус за тоа кои партии ќе го исполнат тој цензус за да влезат во Собранието на Република Македониа. Ова го велам, бидејќи мислиме, доколку една мала земја како што е Република Македонија донесе закон со кој нашето место ќе биде една изборна единица без цензус, тогаш ќе дојдеме во ситуација да имаме едно нестабилно владеење. Велам нестабилна Влада и владеење затоа што многу мали партии ќе добијат еден, два или пет пратеника, меѓутоа, со тоа нема да имаме стабилно владеење и токму поради тоа мислиме дека оваа идеја да ја поддржиме, но тие партии кои предлагаат вакво нешто треба да се определат и за цензусот кој ќе биде тој цензус и тогаш ќе имаат наша поддршка.

Јас и во мојата дискусија вчера реков дека доколку се оди на оваа варијанта на законот, тогаш ќе треба Македонија да биде една изборна единица, меѓутоа, цензусот на пример да биде 3%. Тие партии кои ќе добијат 3% од гласовите да

стекнат право да имаат пратеници во Собранието на Република Македонија. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Алити.

Една минута контра реплика за пратеникот Хисни Шаќири.

**Хисни Шаќири:** Благодарам, кога се определивме за овој модел ги имавме во предвид овие прашања и овие појави, но имаме еден факт. Доколку сакаме да спречиме нешто можеме да поставиме доста прашања, цензус, праг и други, ова прашање можеме лесно да го надминеме во рамките на сите политички партии. Јас реков дека и без цензус може да оди ова како што беа изборите во многу средини или на пример ќе земеме еден процент, а друго прашање е дека нема да имаме стабилна Влада, токму овде ми е поентата, токму овде е интересот на сите нас. Владата во овие услови и во овие околности со две-три партии на власт се корумпира до крај, се корумпираат членовите на Владата, се корумпираат пратениците и структурите. А, кога имаш присуство на поголем број пратеници секогаш ќе биде еден коректор и еден контролен фактор.

**Слободан Најдовски:** Повелете господине Јашари.

(Господинот Ќенан Хасипи побарал реплика, но не се пријавил на време).

Не се пријавивте за реплика господине Хасипи, вие се пријавивте на половина од дискусијата на господинот Алити така што ќе се искажете во говор.

(Пак реакција од страна на пратеникот од место без вклучен микрофон).

Согласно Деловникот додека еден дискутант говори за неискажанта точност или за исправка другите пратеници можат да се пријават за реплика. Согласно принципот кој важи за сите пратеници додека започне првата реплика можат да се пријавуваат. Штом започне првата реплика, повеќе не може. Тоа е востановено правило овде господине Хасипи.

Повелете господине Јашари. Можете да се пријавите за збор господине Хасипи.

**Аднан Јашари:** Ви благодарам господине потпретседател, почитуван заменик министер, почитувани колеги пратеници.

Веќе трет ден откако расправаме за една точка од дневниот ред како што е изборниот законик сепак јас лично од тоа што слушнав во текот на овие три дена дојдов до едни констатации. Речиси многу малку се расправаше за тоа што треба да се расправа како што е изборниот законик, а многу повеќе многу дискутанти зборуваа за прашања кои се од политички карактер. Не сакам да кажам дека не се во однос на изборниот законик, меѓутоа, искористувајќи ја оваа точка од дневниот ред повеќе правеле политички маркетинг, нормално во прилог на политичкиот блок или политикиот субјект од каде се делегирани во ова Собрание.

Тоа што посебно би сакал да го кажам, а кое е моја констатација дека оние кои се задржале на текстот на овој предлог биле конкретни, децидни и кратки, напротив, мнозинството од пратеници кои расправале за оваа точка од дневниот ред, кои не се бавеле со текстот на законот или со изборниот законик, напротив, биле многу долги за што секако и утре ќе се расправа по однос на оваа точка од дневниот ред.

На почетокот сакам да нагласам дека за разлика од законските акти со кои се уредува изборната област и кои во моментот се актуелни како што е Законот за избор на пратеници, Законот за избор на претседател на државата и Законот за локални избори, сега се иницира или се менува од формално правен аспект законот и се предлага во иднина оваа област да се уредува со изборен законик.

Знам дека ова е предлог или препорака на ОДИХР и ОБСЕ, меѓутоа, ценам дека можеби ќе беше добро и понатаму или уште една изборна фаза да се оди со закон, а не со изборен законик затоа што од правен аспект како една од основните претпоставки за изборниот законик е постоење на една правна стабилност. Ние сме свесни дека кај нас, барем јас сум констатирал така во ова тригодишна фаза како пратеник дека многу закони што ги донело ова Собрание истите се предложени за изменување и дополнвуање. Моја проценка е, ќе повторам уште еднаш, дека за да се има еден добар изборен законик прв предуслов е да имаме правна стабилност. Од друга страна колку што знам изборниот законик кај нас не постои, има само Кривичен законик, ова е вториот изборен законик како правен акт од формален аспект.

Што се однесува до изборниот модел за кој се расправаше од страна на мои колеги беа дадени одредени одговори, но сепак ќе настојувам и јас да дадам мое мало резиме во однос на изменување на изборниот систем од пропорционален во мнозински кој кај нас бил присутен во првите осум години од плурализмот и сите знаеме кои се приоритетите или предностите на овој систем, а кои се недостатоците на истиот.

Сакам да кажам во оваа прилика дека изборните системи или модели нема совршени, секој систем има недостатоци, меѓутоа во исто време има и свои предности и приоритети. Сепак цеам дека пропорционалниот изборен систем за одреден период се покажал како најефикасен од причина што неправилностите биле во многу мала мерка отколку претходниот изборен систем како што е мнозинскиот.

Во оваа можност нема да се задржам на некои идеи или предлози кои што се за еден изборен систем во рамките на пропорционалниот, од причина што претходно, од репликата, дојдовме до констатација дека сепак, речено е дека ние како парламентарна група или како пратеници на позицијата или како пратеници од ДУИ сме против

системот на една изборна единица. Но сепак и од теоретски аспект, сакам да нагласам во оваа прилика, дека е тешко да имаме една изборна единица во рамките на пропорционалниот систем, без или со праг.

Причините беа кажани од претходниот говорник или од мојот колега, координаторот на ДУИ. Имајќи ги образложенијата на мојот колега, веднаш ќе преминам на моите забелешки што се директно поврзани со текстот на овој Предлог на изборен законик.

Ќе почнам со членот 20 став 1 за кој што ценам дека оваа инперативна норма ,предвидена во овој член, поради определени традиции од еден дел на етнитетот, кој што е присутен во Република Македонија, посебно во некои планински предели. тешко ќе биде да се спроведе. Затоа ценам дека во втора фаза ќе биде добро предлагачот да го анализира истото и да предложи можеби некое друго решение.Зато што вака, како што е претставено со 30% во изборните органи да бидат од другиот пол, повторувам дека ќе биде тешко да се реализира во некои планински предели.

Во членот 22 во ставот 3, каде што се говори за употребата на јазикот ценам дека воцелина, текстото на законот говори за употревата на јазикот на ниво на единиците на локалната самоуправа,заборавајки дека при тоа се говори се мисли за изборен законик што во суштина како поим користи изборни единици а не единици на локалната самоуправа. Поради тоа јас ценам дека во втората фаза ќе биде добро даиовапрашање се земе предвид и се изнајде некое друго поадекватно решение. Инаку, може да дојдеме во ситуација да во регионалните изборни единици се создадат ситуации што е се конфронтираат со законските одредби.

Во членот 24, во ставот 3 и алтернативата што е предвидена тука, што се однесува до изборниот претседател на ДИК, моја проценка е дека сепак е подобро да постои алтернатива 1 во ставот 3, од причина што вака како што е предвидено во алтернативата, мислам дека и тоа држи од фактот што Собранието над се е највисок орган, колективен орган, за разлика од ставот 3 во кој што се предвидува претседателот на ДИК да го избира Претседателот на државата како индивидуален орган. И, над се, јас ценам дека оваа алтернатива треба да биде поддржана и од фактот што Собранието, освен тоа што е највисок законодавен орган, истовремено е и политички орган, од причини што се присутни политичките структури.

Ставот 5, исто така, е спорен, според мене, бидејќи се говори за стекнување на статус на правно лице од страна на Комисијата, изборната комисија, така што се говори за орган и лично за мене, тука сум во дилема дали можеби органот може да има статус на правно лице?

Во членот 25, во ставовите 1 и 2 каде што се говори за четворица членови и нивните заменици, како членови на идната државна комисија, да се бираат од редовите на судиите, на Врховниот суд, преку ждрепка, мислам дека овде ќе биде добро да предлгачот има предвид во иднина да има посебна ждрепка, да се влече ждрепка за припадниците на етничките заедници. Вака, можеме да дојдеме во ситуација да четворицата членови бидат од една етничка заедница и да бидеме во ситуација да не бидат присутни судиите или кандидатите што се од другите етнички заедници.

Во членот 28, став 4, каде што се говори за обрасците за записниците по општините, мислам дека овој став треба да се усогласи со членот 117, каде што се говори за изготвување на записниците. Можеме да дојдеме во ситуација што ќе биде нелогична.

Членот 29, во ставот 4 каде што се говори за претседателите на регионалните изборни комисии, за нивните заменици, исто така се предвидува овие претседатели да се избираат по пат на ждрепка. И тука, како што кажав претходно, треба да се изнајде решение, да не дојдеме до решение сите претседатели на регионалните изборни комисии да бидат претставени од една етничка заедница.

Истото важи и за членот 33, став 3.

Во членот 37 став 3, каде што се говори за претседателот на Избирачкиот одбор и неговиот заменик, со алтернатива 1 и алтернатива 2. Јас сепак ценам дека алтернативата 2 е подобра и мислам дека претседателите на избирачките одбори и нивните заменици треба да бидат именувани од страна на општинската изборна комисија, се разбира преку ждрепка, од редот на вработените во јавната администрација.

Меѓутоа и во оваа можност треба да се внимава за фактот да не се случи или да не дојдеме во ситуација сите претседатели на избирачките одбори и нивните заменици да бидат од една етничка заедница.

Во членот 45, ставот 2, мое мислење е дека сепак не треба да се прави ваква разлика, затоа што без оглед што се говори за лица кои привремено се вработени во странство, тие ги имаат истите права било да е активно или пасивно изборно право и не знам која е причината за идентификација на изборните листи или, како што е претставено во членот 45 став 2, од тие изборни листи.

Во членот 56, став 2, ја кажав оваа забелешка и нема тука повторно да се задржувам.

Една друга забелешка, за која што ценам дека треба да ја имаме предвид, се говори за членот 93 став 4, каде што се говори за гласачкото ливче. Во оваа насока сакам да нагласам еден спор што во практиката може да се појави. Може да се случи, во рамките на една изборна единица, да имаме по содржина два вида на гласачки ливчиња. Вака, како што е предвидено, го дозволува тој простор и затоа ценам дека предлагачот во иднина или во другата фаза треба да го има предвид и ова нешто.

Ви благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Јашари.

Господине Хасипи, вие се пријавувате за збор или за реплика?

Добро, за збор, но јас морам да прашам, бидејќи знам дека еднаш веќе зборувавте. Претпоставив дека се јавувате можеби за реплика.

Господине Стојаноски, се јавувате за реплика?

Повелете, имате 3 минути.

**Блаже Стојаноски:** Благодарам господине Јордановски.

Сметам дека, кога се истакнуваат партиските ставови, се тргнува од многу практични причини, а не од создавање на вистински услови за фер и демократски избори, за континуирано постапување на изборните органи.

Имено, предлогот на ДУИ да Претседателот на државата учествува во изборот на претседател на ДИК, дефинитивно значи дека Претседателот на Република Македонија на тој начин учествува директно во именувањето на претседателот на ДИК, која што треба ги спроведе идните претседателски избори. Тоа не е логично, тоа не е можно.

Втора работа, членовите на изборните органи, ДИК, доколку не биде дефинитивно прифатен принципот за тргање на страна на претставниците на политичките партии, ќе не доведе во ситуација, бидејќи мандатот на ДИК е 5 години, да идните претседателски избори треба да имаме нови членови, 4 од политичките партии, на идните локални избори да имаме нови претставници на политичките партии, што значи дека, доколку не се прифати принципот за целосна професионализација на сите изборни органи, вклучувајќи ја тука и ДИК, дефинитивно со овој закон ќе имаме една државна изборна комисија што ќе биде со мандат само за едни избори, т.е. за парламентарните избори во 2006 година. Сметам дека тоа не е целта на донесувањето на овој закон, особено во поглед и на тоа што со овој закон се цели да се регулираат не само парламентарните, туку и претседателските и локалните избори, да важи за реализација на одредени референдуми што би се појавиле во Република Македонија.

Затоа сметам дека принципиелноста во поглед на решенијата што се однесуваат на изборот на претседател на ДИК мора да бидат во контекст на составот на ДИК и во составот на сите изборни органи и на тој начин, еднаш засекогаш, политичките партии да почнат да се тргаат од изборните органи, а нивната функција да биде конторлна. Односно, тоа да се остварува преку набљудувачите што би ги потпишувале записниците од гласањето, да се потврди валидноста на тоа гласање и на тој начин тие потписи, понатаму и забелешки и друг доказен материјал што би го имале учесниците во политичкиот процес да биде основа за преговори и тие преговори да бидат решавани од независни органи, со гаранција за второстепена заштита пред Врховниот суд на Република Македонија.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Господине Јашари, една минута контра реплика.

**Аднан Јашари:** Видете, можеби не ме разбрал добро почитуваниот колега, но и покрај тоа, јас не реков дека претседателот да биде за изборен орган, туку мојата проценка, и покрај тоа, изборот на членовите и претседателот на ДИК да биде од страна на Собранието, поради причините што ги наведов претходно во другиот дел што го нагласив, воопшто не се однесува мојата дискусија.

Уште еднаш ќе ви кажам, јас сум против изборот што е понуден во членот 25, каде што се говори за составот, бидејќи можеме да дојдеме во ситуација 4 членови да бидат претставници на една етничка заедница, работа што за Македонија, како мултиетничка држава, не е во ред.

Ви благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Караџоски, ќе можете да се прилагодите на 22 минути?

Повелете.

**Жарко Караџоски:** Господине претседателе,

Веднаш на почетокот да кажам, ќе се трудам да бидам концизен во време од 20 минути, но не сум убеден дека ќе завршам за 20 минути.

**Љупчо Јордановски:** Па, покажете пример еднаш.

**Жарко Караџоски:** Не, ќе се договориме вака. Ќе зборувам толку колку што е до 18,00 часот, но да ми овозможите право да продолжам утре.

Почитуван претседателе, почитуван заменик министре, колеги пратеници,

Трет ден расправаме за изборниот законик, седница, односно точка што навистина предизвикува внимание и можеби со право, а можеби ете, да се најдеме сите на некој начин, мудри глави, да придонесеме што повеќе, кој колку повеќе знае, да каже и да сврти внимание на предлагачот да направи еден убав законик.

Не знам колку дискутанти поминаа, не ги броев, но во три дена, иако листата уште не е исцрпена, навистина сите овие работи што се искажаа, се што овде се кажа во вид на забелешка, во вид на мислење, предлагачот е навистина пред тешка задача. Задачата што се од ова да прифати, што се да отфрли, е тешка. Не знам, јас само се сомневам дека со едно вакво шаренило на размислувања, со вакво шаренило на предлози и мислења, сомнежи во старт, дека ние, што и да понуди предлагачот, што и да ние кажеме, во старт овој законик ќе го осудиме на пропаст. Како и да биде доставен, ќе му најдеме маана.

Не би сакал да зборува од таков аспект и морам веднаш на почетокот да истакнам, да потенцирам една работа.

Сега, како заменик координатор на пратеничката група на ВМРО-Народна партија сакам да истакнам една работа, од името на пратеничката група, што последните денови се пласира, а не е во ред. Сакам да расчистам една работа.

Значи, ВМРО-Народна партија, пратеничката група цело време со не знам какви претензии, со не знам какви тензии се става во некаков си своевиден коалициски или не знам каков друг со предлагачот, односно со владиното мнозинство. Те сме заедно со СДСМ и ДУИ, те сме заедно со не знам кој, како ние учествуваме во оваа расправа без да дадеме забелешка, како ан блок сме го поддржале овој законик и т.н., дури тука се води расправа и, довчерашните наши партијци и сопартијци кои цело време расправата ја водат до такво дереџе, дури се плашат да не спомнат во делот на опозицијата, нели се спомнува опозицијата, но се потенцира дека е тоа ВМРО-ДПМНЕ, а не е ВМРО-Народна, значи вештачки некој ни припијува дека ние припаѓаме некаде каде што не ни е  место, заради тоа што ние, замислете, не сме искажале никакви забелешки. Односно, ан блок ние сме го поддржале овој законик.

Навистина не знам од каде произлегува сето тоа, па дури и средствата за јавно информирање одат во тој стил. Како да уредник во сите телевизии, особено во СИТЕЛ е господинот Груевски. Очигледно дека е така. Меѓутоа, јас морам да потенцирам заради вистината:

ВМРО-Народна партија не е во коалиција со никого, па дури ниту со ВМРО-ДПМНЕ, ако можеби е природно да биде така. Значи, не е во коалиција со никого и нема намера во овој момент да биде со никого.

Од друга страна, ВМРО-Народна партија, во изготвувањето на овој законик имаше свој претставник во работната група и даде учество во смисла на тоа што значи работа во една работна група. Таму, преку нашиот претставник, господинот Блаже Стојаноски активно учествувавме, со сите наши забелешки што ги имавме како политичка партија. Што од тоа е прифатено, што од тоа е одбиено, најдобро знае господинот Стојаноски, знаеме и ние. Јас не сакам да ги искажувам, затоа што ги искажа тој. Но, тука се покажува пристапот што го имаме во еден период подолг од 6 месеци, каде што рамноправно се учествуваше, онака како што треба да се работи на еден сериозен закон, за да дојдеме до крајната цел да имаме фер и демократски избори.

Исто така, не треба да ја потсетувам јавноста, учествувале сите опозициони партии, учествувавме и ние на разговорите со власта преку премиерот, каде што ги искажувавме своите забелешки, своите мислења и ставови и т.н. Тоа го правиме и сега на пленарна седница, со конкретни забелешки, со конкретни мислења и т.н. Јас не знам од каде произлезе дека ВМРО-Народна партија немала никакви забелешки, дека ан блок ја поддржува позицијата, односно го поддржува овој законик.

Да расчистиме уште една дилема. Ова е предлог, почитувани господа, Предлог за донесување на изборен законик, што во превод значи прва фаза. Ние овде расправаме за потребата дали треба да дозволиме еден ваков изборен законик да биде дел од правниот поредок на Република Македонија. Можеби не ваков, со ваква содржина, но дали како иницијатива, дали како прва фаза треба да дадеме зелено светло, да допуштиме во Република Македонија да имаме изборен законик.

Веднаш ќе кажам, има многу причини поради кои би кажал за. Не навлегувајќи во текстот.

Прво, секој закон, што го надополнува правниот систем, заслужува да му се даде шанса, односно да се даде виза да биде составен дел на правниот систем. Република Македонија, никогаш во својот правен систем немала изборен законик. Ние сега прв пат дискутираме и прв пат расправаме за изборен законик. Една новост што јас ја поддржувам и пофалувам. Затоа што имавме еден куп закони што беа врзани со една изборна материја, расфрлани во разни службени весници, еден се занимаваше со локални, друг со претседателски и т.н. и т.н, избирачки списоци, а кога ќе дојдеа избори требаше да бараме, ние кои сме стручњаци или правници да се отепаме од барање кој службен весник да го бараме, а камоли обичниот граѓанин, оној гласач што треба да избира.

Заради тоа, се направи еден кодекс, еден збир на закони што со самото читање, во самата регулатива добиваме прецизни одредби да знаеме какви избори имаме.

Според тоа, самиот тој податок, самата таа иницијатива, кога станува збор за изборен законик, значи вреди да се поддржи. Зборувам, прва фаза е, зборувам за иницијатива, воопшто не навлегувам во текстот. Многу ме разочарува кога слушам колеги, особено кога слушам експерти кои се дрзнуваат дури на средства за јавно информирање, да појдат веднаш, да не чекаат редослед да се направат колку се паметни, колку се мудри и да кажат колку тие експерти добро разбираат и дека ова е изборен законик кој е тотално промашување, како тој не бил хронолошки напишан, како тој го промашил распоредот на членовите, прво се пишувало за ДИК, па не знам каде биле локалните и слично, значи одеднаш мудреци колку сакаме. Како што се вели кој од кој паметен, попаметен, а заборавbooме дека тоа не е конечен текст, заборавame дека ова не е предлог на закон, заборавame дека е иницијатива која дава една насока по која ние тука треба да расправаме и поради тоа седницава трае три дена за да кажеме на предлагачот, кој овде упорно седи и не слуша и утре ќе ги чита овие стенографски белешки во едно 5,6 тома, за да можат да извадат некаков си заклучок, за да дојдат до сржта на она што треба да дојде и да значи фер и демократски избори во Република Македонија со таков текст кој ќе значи,

односно кој ќе биде општо прифатлив. Ако не било така, немало да има потреба да го гледаме предлогот за донесување на закон. Ќе си дојдевме директно на предлогот на законот или по скратена постапка и завршивме работа. Според тоа, сега не треба да се правиме мудреци кој колку е попаметен, кој колку знае од право, туку треба да кажеме свои мислења, свои забелешки, да ги искоментираме и како политички претставници и како пратеници, па и политички партии да кажеме што ние мислиме во овој закон дека не чини, што мислиме дека треба да се отфрли и што мислиме дека треба да се додаде, ако воопшто треба нешто да се додаде. Затоа, од тој аспект треба да се дискутира. Не треба ниту еден проект, па ниту една идеја да се фрли веднаш на нож и да се каже ова е страшно, во нашата пракса тоа е често, се нешто што ќе се понуди се нечини, сите од овде што излеговме сме попаметни, да не натерате ние да напишеме закон, тогаш не знам каков ќе напишеме. Затоа, дајте сето ова да го прифатиме сериозно и навистина да помогнеме ако сакаме да дојдеме до она што ни е цел. Наша цел како ВМРО Народна партија е навистина да имаме фер и демократски избори. И она што ние сега го размислуваме, а сме во опозиција, но сме во опозиција иако не размислуваме со главата на Груевски. Сме во опозиција затоа што мислиме со наша глава. Не значи ако си во опозиција ако мислиш само како што мисли Груевски. Секој има право да мисли свое и секој има право да каже своја забелешка. Тоа е суштината на политичките партии, тоа е суштината на пратениците. Според тоа, ако за некого е глуп предлогот или тоа што ВМРО Народна партија го поддржува предлогот за професионализација во ДИК и во останатите комисии, ако на некому тоа му звучи дека ние се додворуваме на некого, гадно се лаже, затоа што тоа е наш став, наше размислување итн. И, би ве прашал оние што не го делат тоа мислење, мислите ли дека вашето мислење е исправно. Да речеме, не би ги именувал партиите, не би ги именувал политичките претставници тука, но зошто би бил поисправен предлогот во изборните комисии да учествуваат судиите, а партиите кои што освоиле најмногу број гласови на последните парламентарни избори, учествуваат со по два члена. Зошто тој предлог е подобар од овој што јас го кажувам со професионализација и она што го предлага во своите алтернативи, предлагачот дал три алтернативи и тоа не е конечен став. Сите овие избори, учесник сум во многу од нив, кога губиме, ќе бидам отворен, кога губиме виновни ни се избирачките комисии, виновна ни е ДИК, виновни ни се судиите, виновен ни е Врховниот суд, затоа што не ги прифаќа жалбите итн. Значи, обично тој што губи тоа го прави. Од друга страна, само јас да тргнам од себе колку пати сме ги окривиле тие органи заради пристрасност, заради не знам што и сме дошле до констатација дека таквиот модел работи нешто што не е во ред. Сега, оддеднаш се најдоа довчерашни мои колеги кои се поддржувачи на тоа, а истите го критикуваа, да не одиме подалеку да ги земеме претседателските избори кога ги прогласивме за нерегуларни. Зошто се нерегуларни, да ве прашам. Затоа што, се кажа дека ДИК прогласи победник кој не заслужи да биде победник, затоа што имало фалсификати итн. Врховниот суд ни ги одби сите жалби, итн, заради тоа што не се почитуваше процедура, не се утврдија материјални докази итн. Кој е виновник, повторно судиите. Од една страна не ни чинат, носиме уставни реформи, ќе правиме судски измени во судството, а овде се тепаме да бидат повторно останати во избирачките комисии. Тоа е едниот аргумент.

Вториот аргумент, години наназад сум слушал и сите вие сте слушале како овде ние зборуваме дека судиите треба да ги отстраниме од изборните процеси. Таа власт е независна, тоа е судска власт и да си ја брка својата работа како што треба да ја брка и како што мора да ја брка, а не да учествува во секој изборен процес. Можеби, тоа е и најголема причина зошто толку предмети ни стојат, затоа што имаме секоја година избори и по три месеци ги ангажираме судиите за нешто што не им е работа и бараме ефикасност. За да биде судската функција независна и за да не можеме ниеден судија да обвинуваме ако изгубиме дека работел за СДСМ или ако победиме дека работел за нас, треба да се отстранат од избирачките комисии. Така ќе придонесеме за независно судство, така ќе придонесеме за оној кандидат кој што ќе биде избран, дека е избран непристрасно и дека никој на никого не вршел притисок. Сега, ако ние генерално гледано дека во оваа наша држава се е политизирано, тогаш воопшто нека не постојат избирачките комисии, нека не постои ДИК, ние како политички партии, секоја партија што ја има во Република Македонија нека има по еден претставник и да направиме едно тело, кое не знам како би го крстиле. Па, таму да се надмудруваме и не знам како би избрале претставници овде во парламентарниот дом и не знам навистина кој орган би го одбрале. И верувајте дека и така нема да ни чини и така нема да ни се погоди на ниеден, особено на оној што губи.

Според тоа, повторно ќе кажам како политичка партија во овој процес, како и во претходните, сме зеле сериозен пристап, сме утврдиле што е за нас она што сметаме дека е исправно, тоа сме го доставиле, сме го кажале и сега го изнесовме и ќе го изнесуваме и за тоа ќе се бориме да влезе во конечната фаза на закон кој што ќе ни дојде потоа. Сме кажале многу пати, сега ќе го повторам, ние да, ќе гласаме за овој Предлог за донесување на изборниот законик, затоа што е прва фаза, затоа што не сакаме да кочиме да го запреме избирачкиот процес во Република Македонија, затоа што ОБСЕ и многу меѓународни фактори кажале дека е потребен еден законик. Затоа што, многу од нив кажале дека во континуитет, особено последните избори потврдиле дека овде кај нас изборите се

нерегуларни, не фер итн, има доста неправилност итн.

Значи, прво мораме да тргнеме од законот, за да дојдеме до некое ниво на избори, со кое би го положиле тестот пред меѓународните фактори. Сите вие добро знаете дека главниот тест кога ќе ги почнеме разговорите за рамноправно членство во Европската унија е токму спроведувањето на овие избори. Па, ако е така, дали треба сега ако сме опозиција секој предлог за донесување закон па макар тој се викал изборен законик и макар доаѓал од СДСМ со неговите коалициони партнери да го одбиеме, односно да гласаме против за да на ВМРО-ДПМНЕ му докажеме дека сме ние опозиција. Е, па за разлика од ВМРО-ДПМНЕ кај нас ставовите се јасни. Еднаш сме рекле ќе го поддржиме и така остануваме, не како тие што прават нели, како за Уставот. Ќе ја поддржиме потребата, па потоа нема потреба, па потоа нема да гласаме за ниеден амандман, ама ќе гласаме за еден амандман. Навистина и јас се збунив, иако до вчера бев кај нив, па камо ли граѓаните. Верувам дека и тие се сеуште збунети. Според тоа, ние така не градиме, така не сме расправале и така нема да расправаме. Ние од почеток затоа имавме учество во работната група. За жал ВМРО-ДПМНЕ не знам дали имаше учество, беа збунети со Уставот и не знаеја дека претставникот кој таму е делегиран, беше делегиран од ВМРО-ДПМНЕ, за жал, сега е во Народна партија, но тоа е нивни проблем. Можеа да се делегираат и никој не им бранеше. Тоа значи дека сме учествувале рамноправно, сме кажале и ќе се бориме за нашите. И овде, еве го претставникот на Владата јавно ќе му кажам. Доколку, почитуван заменик министре, а пренесете и и на Владата, ако не бидат прифатени нашите забелешки, оние што ги бараме, колку да се, ние втората фаза нема да ја прифатиме. Не поради тоа што така сака ВМРО-ДПМНЕ, туку поради тоа што така ние сметаме. Мислиме со наша глава. А, ќе ви кажам зошто и кои се тие наши забелешки.

Дали имам уште време?

**Љупчо Јордановски:** Тука да прекинеме, а од утре да почнеме со текстот.

Благодарам господине Караџоски.

Утре продолжуваме во 11,00 часот.

(Седницата прекина со работа во 18,00 часот).